
БРАНКО ПРЉА
Берт Стајн / Исак Сима

АРНО.МК 2021

ИЗБРАНИ ТЕКСТОВИ



МУЗИКА / ФИЛМ / КНИГИ / ИДЕИ

Содржина

АРНО.МК / 2021

01 **Пишување, книги и уметност**

1.000 зборови дневно за да се „спасиш„ себеси и да го „продадеш„ сè она во што веруваш! 6

Книгата не е крема за лице, зошто тогаш има декларација (која тешко се отстранува) врз неа? 10

Херман Хесе, психонаут пред психоделиците, хипик над хипстерите! 14

100 најпознати слики во историјата на уметноста! 18

Британскиот музеј е полн со украдени артефакти! 20

02 **Музика, растење и припаѓање**

„Јелгава ’94„ екстремна музика за екстремни времиња! 24

Дејв Грол, тапанар на Нирвана, лидер на Фу Фајтерс, хроничар на музиката и сега реномиран автор! 30

За Евровизијата, за рокенролот, дрогите и за тоа како 2020-тите можат да станат новите 1990-ти! 32

02 **Музика, растење и припаѓање**

(продолжение)

Како кантри пејачот Џони Кеш стана дел од алтернативната култура со помош на Nine Inch Nails 38

44 збора кои немаат никаква врска со Били Ајлиш и нејзината музика, туку со еден семафор 40

I am from Macedonia, take me to Europe! 42

За македонските и бугарските работи 46

03 **Филм, критика и сатира**

Sound of Metal, филм за музиката кој укажува на значењето на тишината 52

За „Боречки клуб„, апсурдната уметност, домашниот стрип и парадоксалната Македонија! 56

Rotten Tomatoes е најдобар сајт за оценка на филмови, воедно тој е и најлош! 60

Белфаст на филм, денес и пред 30 години, или зошто денешните филмови се тапа! 64

32 текста / 5 тематски целини

МУЗИКА • ФИЛМ • КНИГИ • ИДЕИ • АКТИВИЗАМ

03 **Филм, критика и сатира**

(продолжение)

Дија Кан, храбра жена која се бори против нацизмот со камера и човечки муабет 68

(S)везден љубовен триаголник! 72

Матрикс 4 му ја скрши кичмата на Матрикс 1 74

04 **Научна фантастика и технологија**

Dune и Foundation се мегаломански научно-фантастични дела за големи империи, за нас е добар само Stalker! 80

Господ од машина или „Devs„ ex machina? 82

Аплоадирање на свеста во серијата „Upload“ како вештачки рај или пекол? Зависи колку ви е дебел (крипто) паричникот! 84

Како најголемиот капиталист Фејсбук стана кибер-панкерски Метаверс 88

„Локи„ – нова серија од Марвел, вистинска „американа„ со кафкијански елементи 90

04 **Научна фантастика и технологија**

(продолжение)

Сличности помеѓу серијата „Локи„ на Марвел и делото „Атом и Ева„ на Бранко Прља 94

Роботите како слуги или владетели? Кон делото „Реплика. мк„ на Бранко Прља 98

05 **Град, активизам и независна култура**

Науката потврдува: градот Скопје смрди – од под мишки! 104

Издиши-вдиши, лапни-голтни: „угоре високо, удолу длабоко!„ (Извадок од дневник на еден еко-активист„) 106

Отпадот ги плаши граѓаните на Македонија, ама не заради тоа што мислите 108

10 причини зошто домашната група „Дај, не фрлај„ не е дел од светскиот „Buy Nothing Project„ 112

Арно.мк се грижи за подобра иднина, а одговорот на општеството е – гајле ни е! 116

Маргина и „The Marginalian“, за местото на културата во модерниот свет 120

01

Пишување, книги и уметност

АВТОРСКИОТ ГЛАС КАКО ПОЧЕТОК



ЗБОР / ПРЕДМЕТ / ИДЕЈА

01 / АВТОРСКИ ЕСЕЈ

1.000

зборови дневно

за да се „спасиш“ себеси и да го „продадеш“ сè она во што веруваш!

БЕРТ СТАЈН

Исповед на еден „креативец“ за (општествената одговорност на) пишувањето, дизајнот, креативноста, маркетингот, екологијата и сите оние интересни нешта кои го прават животот поднослив во една не толку здодевна, колку немотивирачка средина.

> **„Ако сакаш да им помогнеш на другите, помогни си прво на себеси!“**

Со оваа реченица ме пречека мојот долгогодишен соработник во креативните авантури на мојата (кој знае која по ред) идеја за „проект“ со кој наводно ќе се подобрат работите во нашето општество!

ОД ПИШУВАЊЕ ДО АКТИВИЗАМ

Како непоправлив идеалист, се разбира не го послушав. „Одговорноста на креативецот е да проговори за општествено битните нешта!“ си повторував во главата како некоја здодевна мантра. Всушност се работеше за почетокот на мојата криза како писател.

Истражувајќи во скриените патчиња на сопствената душа ја изгубив возбудата во измислените приказни, визиите и конструираните ликови. Она што почна да ме интересира, се повеќе, до ниво на опседнување, е:

> **Што можам да направам со (наводниот) талент кој го имам за пишување, за да ги сменам нештата околу мене, и во просторот кој го делам со другите луѓе.**

Така станав активист за почиста животна средина, за подобро образование, за подемократска култура, за неформална едукација, за правата на децата, што и да ми пречеше или сметав дека треба да се подобри, пишував за тоа, истражував, давав мое гледиште и правев конкретни акции. За среќа во нашата средина има доволно простор за подобрување на нештата.

Сметав дека како дизајнер, од друга страна, сум должен да ги искористам моите способности за визуелно обликување на нештата за да можам да ги организирам собраните информации и знаења на што е можно подобар начин – за да имаат побрз и подиректен ефект врз луѓето и институциите кои можат да преземат нешто конкретно за решавање на проблемите.

Како вработен во културата се среќавав со идеалисти, луѓе кои го негуваа пристапот L’art pour l’art, кои знаеја со часови да дискутираат за (превод, користење на) еден збор или за еден концепт. Кога преминав во адвертајзингот сретнав луѓе кои не се интересираа за уметноста и културата, туку за начинот на кој можат практично да ја применат својата креативност.

ПИШУВАЊЕ / ДИЗАЈН / ОПШТЕСТВО

КУЛТУРАТА И ПАЗАРОТ

> **Во овој свет се запознав со најкреативните и највредните индивидуи, но никој од нив не беше заинтересиран да направи вистинска промена во општеството – ги интересираа само парите – начинот на кој можат да ја продадат идејата.**

Тогаш почнав интензивно да размислувам за тоа што би се случило кога истите тие луѓе би ја искористиле нивната способност – а беа врвни трговци со креативни идеи! – за нешто општествено корисно. Какви кампањи за почиста околина би биле тоа! Какви практично спроведливи иницијативи! Какви уметнички проекти кои имаат реална корист за општеството! Би и немало граници на практичната креативност! За жал овие луѓе не се заинтересирани за такви авантури, нив ги интересираа парите.

Но, разбрав дека проблемот не е во нив. Тие се задоволни од себеси, работат напорно, но и заработуваат добро. По агенциите прв пат разбрав дека постои место наречено „Малдиви“ и дека некој од нашата земја оди на летување таму. Тоа е прекрасно! Сакам кога луѓето успеваат во животот, навистина сакам.

Лично би се срамел да возам автомобил од 50.000 евра во земја во која има луѓе (па и семејства) кои живеат со 5.000 денари месечно! Но, тоа сум јас. Мене ме спречуваат сопствените проблеми да бидам среќен. Се разбира, кога би бил среќен и исполнет, не би се грижел за ѓубрето, загадувањето, сиромаштијата или неправдата.

> **Кога не можеш да се спасиш себеси, го спасуваш светот! Позната стара приказна.**

Што да се прави ако си идеалист откако знаеш за себеси? Ако си сонувал од дете да го смениш светот? Ако тоа ти била носечка идеја во животот, дури и кога си застранувал толку многу од неа што си поминувал денови во безделничење или злоупотреба на супстанци и си ја мразел секоја минута од сопствениот живот помината на тој начин. Се разбира, за среќа, таквите екскурзии се кратки и имаат функција на ресетирање. Почнуваме одново!

ШТО Е СЛЕДНО?

Кој е новиот проблем за кој можам да се фатам за грло? Кога завршував една книга и ја праќав на печат, веднаш започнував нова. Всушност новата ми беше во глава уште пред да ја завршам старата. Така било отсекогаш и веројатно ќе биде. Ако не изгубам инспирација, а таква можност веројатно постои, иако идеи има секогаш и насекаде, каде и да се свртиш. Ако имаш упорност да се фатиш за врат со нив и да ги истераш по секоја цена, тогаш нема да има кризи.

> **1.000 зборови дневно – препорачува Стивен Кинг!**

Можеби некогаш ќе пишуваш неподносливо лоши нешта, но еј – светот е доволно голем за безброј генијално-глупави дела!

Што е следно? Не знам, но знам дека работам на тоа. И не заради себеси или душевниот мир, туку заради продуктивноста и она глупаво упорно нешто што ме тера постојатно да се борам со неправдите околу мене.

> **Останува дилемата на избор: „Ако сакаш да им помогнеш на другите, помогни си прво на себеси!“ или „Ако не можеш да се спасиш себеси, спаси го барем светот!“**

Што е правилното според вас?

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 14.09.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6089

02 / КНИГАТА КАКО ПРЕДМЕТ

Книгата не е крема за лице,

зошто тогаш има декларација (која тешко се отстранува) врз неа?

БРАНКО ПРЉА

Ако сте љубител на книги и ве нервира кога не можете да одлепите здодевна лепенка од книгата која штотуку ја купивте, тогаш овој текст е за вас.

Односот кон книгите за љубителите на истите е света работа. Книгите не само што се читаат, туку се чуваат како да се највредното нешто. Некои сакаат мазни корици, некои мат, релјефни или делумно светкави, други претпочитаат бела хартија, жолтеникава, рециклирана или текстурна. Љубителите на книги го сакаат мирисот на книгите и звукот кој го прават при вртењето на страниците.

Но, што кога врз книгата е залепена лепенка која тешко се одлепува и остава трага врз книгата? Таква лепенка ќе најдете врз сите книги кои се увезени од странство. Основното прашање е: која е функција на тие лепенки, дали се неопходни и што може да се направи да не се оштетуваат книгите? Едно решение се посебни лепенки кои не оставаат трага, што делумно би го решило проблемот (освен во случајот со книгите печатени на фабријано и други непластифицирани материјали).



Но, зошто воопшто постојат декларациите на производите? Во разговор со издавачи дознавме дека едноставно „Законот е таков“, но со мало истражување на „Законот за заштита на потрошувачи“, откривме дека (Извадок од законот, дел: „Обврска за информирање на потрошувачите“, Член 5):

ШТО ВЕЛИ ЗАКОНОТ?

Трговецот е должен:

> **пред склучувањето на договорот за продажба совесно и чесно на потрошувачот да му даде точни и корисни информации во врска со квалитетот, карактеристиките на производот или услугата и во врска со условите за продажба, како и сите други информации побарани од потрошувачот содржани во декларацијата на производот и**

> **да го извести потрошувачот за влијанието на одредени производи врз животната средина и здравјето на луѓето, согласно со прописите и стандардите, како и за мерките за заштита, преку упатство дадено со производот, истакнато на амбалажата на производот или на друг соодветен начин.**

Во овие два параграфи јасно гледаме дека декларациите даваат битни информации на потрошувачите кога станува збор за прехранбени или козметички производи. Тоа дека мноштвото информации се испечатени со букви за кои треба микроскоп и дека го покриваат оригиналниот (и често посоодветниот) текст е тема на друга дебата.

Клучното нешто кога станува збор за книгите е дека декларациите врз нив не содржат никакви значајни информации за заштита на потрошувачот. Напротив – тие го оштетуваат потрошувачот со тоа што оставаат грда трага врз корицата на книгата.

Конкретно, на декларациите врз книгите се наведени „Назив: Книга“, „Јазик: (кој и да е)“, кој ја увел книгата и земја на потекло. Сите овие информации се небитни за самиот потрошувач, освен ако се реши да ја изеде книгата, но секако составот на книгата не е наведен на декларацијата!

ШТО ОСТАНУВА НА КОРИЦАТА?

Во групата „Размена на книги и книжевни муабети“ со речиси 30.000 членови и секојдневни постови и како таква најбројна и најактивна група за книгите во Македонија, е поставено прашањето: „Дали ве нервираат декларациите врз книгите?“. Повеќето од членовите потврдија, а некои дадоа и иноватнивни идеи да се отстрани лепенката со фен, топла вода, влажна марамица или пареа. Еден член се пошегува дека со книгите треба да се даваат гратис фенови и легени. Некои коментари ја окарактеризираа дискусијата како „ситничарење“ и дека на книгата „не се суди според корицата“.

Би можеле да навлеземе и во филозофски дискусии која е вистинската функција на книгата, за нејзиниот (остварен) потенцијал да ја смени цивилизацијата, за тоа дека станува збор за уметничко дело или за односот кон книгите како мерило за степенот на развој на едно општество, но нема. Ќе заклучиме само дека парадоксалноста на ситуацијата е дека:

> **Законот кој треба да го „заштити“ потрошувачот, (во случајот со книгите) всушност го оштетува!**

Време е да се отвори оваа (за некого небитна, за други суштинска) дискусија, со намера да се тргнат грдите лепенки од книгите!

Авторот на овој текст е писател, графички дизајнер и издавач. Има објавено речиси 30 книги, а дизајнирано многу стотини. Се смета за експерт во полето на сакањето книги и грижата кон нив.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 08.10.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6187

03 / КНИЖЕВНОСТ И КОНТРАКУЛТУРА

Херман Хесе,

психонаут пред психоделиците, хипик над хипстерите!

БЕРТ СТАЈН

Херман Хесе не само што е омилен автор помеѓу адолесцентите кои допрва го откриваат животниот пат пред себеси, туку бил и значајна фигура во психоделичкото движење како прекурсор на хипи движењето во САД и светот.

Но, она што е интересно е дека Хесе никогаш не пробал психоделични супстанци, ниту имал контакт со нив!

Се разбира ова може да биде предмет на дебата, бидејќи психоделиците во нивна природна форма се присутни од дамнина и се толку поврзани со човечката еволуција што некои автори како Теренс Мекена (во неговата теорија наречена „надуван мајмун“ – Stoned ape) ја припишуваат и еволуцијата на човечкиот вид на првата средба на човеколиките мајмуни со психоделичните растенија.


Други автори одат до таму што го припишуваат и настанувањето на религиите на искуствата со магичните печурки. Навистина, искуствата на луѓето со овие супстанци се покажуваат како длабоки религиозни искуства.

„СТЕПСКИОТ ВОЛК“

Сепак, не постојат докази дека Хесе имал пристап до овие овие супстанци кои денес стануваат дел од една глобална култура (како што биле во времето на хипиците), а отсекогаш биле дел од културата на народите во Средна и Јужна Америка, Австралија итн. Од друга страна, синтетичките верзии на психоделиците се појавиле дури по втората светска војна, а во времето на Хесе популарни биле опијатите, кои немаат психоактивна, туку седативна функција.

Во романот „Степскиот волк“ главниот лик, по низа премрежја и интересни ликови кои ги среќава завршува во еден „магичен театар“ каде по консумирање на одредена супстанца доживува еден вистински „трип“ и пренесува сознанија како тоа дека секој од нас е способен за возвишени дела, но и за најстрашни зла, како и сознанијата за „животот како хумор под гилотина“, како форма на највисока егзистенцијална филозофија.

Искуството со ДМТ за кое зборува Рик Доблин (Rick Doblin), основачот на MAPS (Multidisciplinary Association for Psychedelic), како да е изводено од книгата „Степскиот волк“ на Хесе.



КОНТРАКУЛТУРАТА ГО ЧИТА ХЕСЕ

Најголемитот пропонент на психоделичните дроги и на хипи контра-културата во шеесеттите години во САД, Тимоти Лири кој со неговата фраза “Turn on, tune in, drop out” честопати го промовирал Хесе со фразите како:

> **„Пред вашата ЛСД сесија, прочитајте ги Сидарта и Степскиот волк.“**
>
> **ТИМОТИ ЛИРИ**

ШТО ОСТАНУВА ОД ИСКУСТВОТО?

Авторите како Ендрју Галимор признаваат дека искуството на Хесе и врската со психоделиците се преку источните филозофии и практики како трансцендентална медитација која пружа длабок увид во човечката психологија и го трга „превезот“ кое егото ни го става пред светот. Според истражувачите и практикантите на употребата на ДМТ и други психоделични супстанци, и тие го пружаат истото, но во многу побрза и поконцизна форма, без години пракса, вежби за дишење, концентрација, медитација и слично. Од друга страна, поради неможноста психологијата на индивидуата да се прилагоди на експлозивноста и моќта на овие искуства, тие честопати можат да бидат опасни, да предизвикаат психотични моменти, или психички пореметувања.

Наследството на Херман Хесе е големо, неговиот увид во вистинската реалност и филозофијата на животот е огромно и препорачливо за секој млад ум кој бара предизвици, а не би требало да го бара во недозволените супстанци, особено заради негативниот ефект кој тие го имаат на мозокот кој е се уште во развој.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 11.06.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5721

04 / ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ

100 најпознати слики во историјата на уметноста!

БЕРТ СТАЈН

Ако препознаете голем дел од сликите во изборот на Kiddopedia, браво за вас, вашето општо образование не ве оставило на цедило. Ако не, тогаш е време да дознаете повеќе за сликите и нивните автори.

Изборот на Kiddopedia почнува со 100 слики, а во целосниот список има уште 37. Делата со голотија или насилство се во проширениот список поради правилата на YouTube. Целосниот список е достапен преку оригиналниот текст.

Како што дознаваме од листава, некои сликари се големи, но други се уште поголеми! Импресионистите како Едвард Мане или Клод Моне се вклучени по три пати, додека ренесансните мајстори како Леонардо да Винчи или Тицијан се вклучени по четири пати.

Ван Гог се појавува дури 10 пати! Тоа зборува за неговата моќ и влијание врз уметничката, но и популарната сфера. Се разбира во листата се вклучени и американските уметници како Хопер, Полок и Вистлер (ви текнува на Мистер Бин!?), додека концептуалистот Дишан кој имал огромно влијание на модерната уметност е застапен само еднаш (за волја на вистината неговите редимејд предмети не се слики).

Мајсторот Рембрант е застапен 3 пати, иако неговите слики не оставиле толку печат врз колективната свест, како на пример делата на Енди Ворхол (застапен еднаш), кој од уметнички аспект можеби (!?) не заслужува да биде во листава, но од популарен секако да.

ШТО ПРАВИ ЕДНО ДЕЛО НЕЗАБОРАВНО?

Се разбира листава, како ниту една друга листа, не е совршена, ниту е сосема објективна. Се работи за личен вкус на авторот и во една друга листа би требало да има повеќе модерна уметност, можеби и по некој Банкси, Кит Херинг, Баскијат, Лихтенштајн, Хокни...

Тоа поттикнува едно интересно прашање – што е уметноста воопшто, што прави едно дело уметнички вредно или популарно? Зошто некои дела оставиле печат врз колективниот ум, додека други исто толку добри и квалитетни дела историјата ги заборавила? Во игра се многу фактори.

Според некои автори се работи за мистеријата, приказната зад сликата, она што не поттикнува секогаш да се прашуваме, како во делото Мона Лиза. Но со „Мона Лиза“ е поврзана и приказната за нејзината кражба.

Пред да се случи потрагата по украденото дело, и Мона Лиза да стане дел од популарната култура, таа била само една слика на еден од многуте ренесансни мајстори во музејот Лувр. Според други автори, се работи за чиста среќа!

Затоа сметаме дека листите како оваа се значајни, ако дознаете за некое дело кое не сте го знаеле претходно, тоа ќе биде само плус за вас, ќе ја збогати вашата личност и светоглед, а од тоа нема ништо лошо – нели!?

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 28.07.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5965

05 / МУЗЕЈ И ИМПЕРИЈА


Британскиот музеј е полн со украдени артефакти!

АРНО.МК

Британскиот музеј опфаќа 2 милиони години од историјата и содржи 8 милиони артефакти од целиот свет.

На листата на 12 артефакти кои не треба да се пропуштат се скулптурите од Велигденскиот Остров, Хинду божеството шива од Индија, каменот Розета и многу други чие историско значење е бесценето, а нивниот удел во колективната меморија и популарната култура е огромен.

Половина од овие 12 артефакти имаат спорна сопственост, а голем е бројот и на други, од целиот музеј, кои матичните држави ги прогласуваат за украдени и бараат нивно враќање.



КОМУ МУ ПРИПАЃА МИНАТОТО?

> **Ако си крадец одиш во затвор, ако си империја градиш музеј!**

Кон крајот на 17-от век Британската империја почнала да се шири и на почетокот на 20-от век била најголемата империја во историјата која контролирала 1/4 од светската територија и популација.

Во тој период Велика Британија земала ресурси и богатства од тие земји, како и културни и историски артефакти. Голем број од нив завршиле во Британскиот музеј уште од 1753 година.

Сепак, не сите дела се украдени и голем дел од нив се купени. Проблемот е уште покомплексен кога се работи за дела кои се од историско, културно и генерациско значење.

Таков е случајот со бронзените дела од Бенин, кои на визуелен начин раскажуваат историја и обичаи на еден народ кој немал писмо. Илјадници од овие артефакти биле украдени во 1897 година, како дел од голема „одмаздничка мисија“ на Британците за убиството на седум мисионери. Артефактите требало да ги исплатат трошоците за мисијата.

Овие спорови откриваат и една друга страна на колонијализмот: убавината, значењето и потеклото на историските, културните и уметничките артефакти често биле во втор план зад нивната економска вредност.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 05.08.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5999

02

Музика, растење и припаѓање

АРНО.МК

2021

ПЕСНИТЕ ШТО НЀ ОБЛИКУВААТ



РАСТЕЊЕ / СЕЌАВАЊЕ / ПРИПАЃАЊЕ

АРНО.МК / 2021

06 / РОМАН • ФИЛМ • МУЗИКА

Јелгава ’94



Екстремна музика за екстремни времиња!

БРАНКО ПРЉА

Во издание на Готен во 2018 година излезе превод на романот „Јелгава ’94“ (2015). Во 2019 година делото беше филмувано.

Секој што ја преживеал младоста во деведесеттите години на XX век во некоја држава од источна или јужна Европа, која претходно била под влијание на Советскиот Сојуз, бил соочен со многу премрежија. Се работи за индивидуи кои најпроблематичните години од своите животи ги преживеале во најпроблематичната ера во овој дел од Европа од крајот на Втората светска војна до денес.

На територијата на поранешна Југославија, ние бевме сведоци на распад на еден систем врз чии принципи беа израснати генерации, систем во кој веруваше поголемиот дел од популацијата, а по неговиот распад следуваше создавањето на помали национални држави, војните, крвопролевањето и помирувањето, прифаќањето на новото општествено уредување и бавната повторна изградба на довербата, вредностите, добрата и инфраструктурите.

РАСТЕЊЕ ВО ВРЕМЕ НА РАСПАД

Во таква атмосфера младината во Југославија, иако беше дел од еден социјалистички систем, сепак не беше изолирана од светските текови. Во музиката постоеја панкот, металот и њувејвот, раперите се мразеа со металците, а панкерите ги презираа романтичарите и кремците.

Романот Јелгава '94 нè воведува во слична атмосфера во која младиот четиринаесетгодишен главен лик на романот ги поминува сличните премрежија на промена на системот и на вредностите во Летонија, позиционирање на себеси и на својата земја и осамостојувањето на двата ентитети, од кои едниот (личниот) влегува во светот на возрасните, а другиот (општиот) влегува во заедницата на самостојни држави. И двата од тој момент треба да се грижат сами за себе и да опстојат.

Авторот нè носи низ неговите авантури во светот на музиката, пред сè преку авангардните и бунтовни жанрови. На почетокот станува збор за алтернативната и гранџ музика, за Курт Кобејн и неговата насилна смрт, како симбол на ултимативниот бунт кон конформизмот и комерцијализацијата.

Како што се одвива дејството, авторот и неговите пријатели навлегуваат во светот на пожестоката, побрзата, поагресивната музика. Ликовите се живописни, вистински луѓе од крв и месо, кои експериментираат со можностите што им ги дава малата и ограничена средина, под влијание на епските и „поголеми од животот" приказни присутни во музиката што ја слушаат.

Учиме за животот во градот Јелгава и државата Летонија, но дознаваме и за „бруталните" бендови од оваа земја, како Алфхајм и Дарк реин, првите блек метал бендови во Летонија. Приказната на главниот лик станува сè пожестока и побрза, како и музиката што ја слуша. Како што се развива дејството во книгата авторот го напушта влијанието на, колку и тоа да звучи чудно, помеките дет метал бендови. Повремено споменување на хеви или треш метал бендовите е само од историски аспект, тие за неговите уши навикнати на бучава се како поп музика. Паралелно се впушта во светот на блек и дум бендовите, со повремени споменувања на екстрим, грајндкор и индастријал метални бендови.


ЈЕЛГАВА / ЛЕТОНИЈА

На крајот, авторот се наоѓа во денешното време и, освен тоа што ние како читатели се чувствуваме преместени во друго време и друг милениум што припаѓа на универзумот што тој го изгради во книгата, така и самиот автор се чувствува како странец во светот во кој припаѓал порано и кој го определувал како индивидуа. Се појавуваат некои нови дет-дум метал бендови од Летонија како Фреилти, но авторот не може да се идентификува со нив. Ги среќава старите пријатели, но и тие средби се изместени и неприродни.

Приказната на главниот лик нема да ја раскажеме тука, таа е емотивна приказна за растењето и болните искуства што ги носи тоа, и ви оставаме вам, како читатели, да се внесете во неговата приказна што вреди да се исчита. Освен тоа, сметаме дека не би му направиле услуга на авторот доколку ја прераскажеме неговата приказна, тој го прави тоа сосема автентично со неговиот стил и начин на раскажување, а нам ни останува да ви го пренесеме нашето искуство од оваа одисеја во море на жестоки бендови и екстремни жанрови.

Во книгата се запознаваме со многу бендови од родената земја на авторот, Летонија, како покласичните хеви метал бендови Скајфорџер и Хускварн, бенд од самиот град во кој се случува дејството, како и блек метал бендовите Алфхајм, Дарк реин и Мејз оф цако торментс. Понатаму, дум/готик метал бендовите Хевн грај, Фреилти и Грајндмастер дед, со примеси од летонската народна музика. На крај, но не последен, би го споменале и дет метал/грајндкор бендот Табестик ентерон, кој е исто така од Јелгава.

Ова дело може да ни послужи како еден вид патоказ низ металската сцена во Летонија, но и пошироко, од другите народи од северна Европа и нивните бендови Асфикс, Хипокриси, Диес ирае, Аморфис, Анлишд, Ет д гејтс, Демилич и други познати дет метал бендови од англиското говорно подрачје.



РОМАН ШТО СЕ ЧИТА СО СЛУШАЛКИ


ПАТОКАЗ НИЗ МЕТАЛСКАТА СЦЕНА

Но, ако постои еден жанр што доминира во книгата, освен доминантното присуство на дет метал музиката во првиот дел од книгата, тоа се дефинитивно блек метал бендовите како Мејхем, Мортилс, Сатирикон, Имортал, од Норвешка, земја во која овој жанр особено се негува, но и финците Бехерит, како и за нас помалку познатите Летонци Нахаш и Поколус. Тука се секако и дум метал бендовите, повторно од ладниот север, како Триститиа, Немесис, Анхоли, Селестиал сизн и многу други.

Преку сето ова изобилство од бендови и жанрови што биле и сè уште се присутни во тие краишта на Европа сфаќаме колку е богата оваа сцена, а е сосема непозната на повеќето луѓе од нашите краишта, секоја чест на исклучоците.

Но, се поставува прашањето, колку се нашите квалитетни бендови кои припаѓаат на вакви и слични „брутални“ жанрови познати во тие земји, па и воопшто надвор од Македонија? Зар и тие не заслужуваат ваков роман? Каде се расказите за култниот краст хардкор бенд од Скопје Бригејт О. Д. и сличните бендови, како и нивната демо-касета „Smash the Army Before They Smash You“, како и нивните песни од „преку сила“ една минута?

Но, можеби е така затоа што овие бендови кај нас биле повеќе исклучок отколку претставници на една сцена, како што тоа било во источноевропските и северноевропските држави. Генерално, потешките метални жанрови не биле присутни во метал сцената во Македонија сè до почетокот на XXI век. Грајнд жанрот бил повеќе поврзуван со хардкор панкот, отколку со металот како во примерот на нојз/панк/грајнд бендот К.О.S. од кој настана дет/треш метал бендот Нихилист или грајнд/нојз бендот Блади Џорц, хардкор панк бендот Тенк ворнинг нет (TWN) и слично.



А КАКО ЗВУЧЕШЕ КАЈ НАС?

Во осумдесеттите кај нас преовладува пост-панк или готик рок звук измешан со православната црковна музика, византиските звуци и звуци од изворниот народен фолклор на бендовите Падот на Византија, Мизар, Телонаука совршена и Анастасија, а во деведесеттите со распадот на Југославија и отворањето кон надвор доаѓаат и експериментални и авангардни музички групи како Мајндфилд, Вермилион Дивиејт и алтернативните бендови како Архангел, Санс, Балкан експрес, Ласт експедишн, Д'Далтонс, Рок агресори и слично.

Тука на сцена влегува металот, кој е дел од нашата приказна и приказната на оваа книга. Хеви метал сцената, со посериозните Аргус и неизбежните хумористични хард-рокери Чоканче помеѓу другите, кај нас беше особено жива, а треш метал сцената доживеа вистинско прифаќање од младите музичари во Македонија со бендовите како Сатанхорд, Саркофаг, Холокауст и Саваот или уште попознатите Орион и неизбежните Санаториум, а подоцна и Паралајзер. Дет метал сцената во Македонија во тоа време беше слабо развиена, со исклучок на неколку бендови како Амнестија и Дисмеј со неколку демо снимки или погореспоменатите Нихилист и Орион.

Исто така, се поставува прашање дали може да се зборува за блек и дум метал сцена во Македонија во средината на деведесеттите. Постоеја извесни дум метал бендови, како Андертејкерс, Ктоник Ренесанс и Атараксија, како и австралиско-македонскиот блек треш метал бенд кој пее за античката македонска историја, Балтак.

Кон крајот на деведесеттите се јавуваат индастријал њу метал бендот Верка, како продолжение на Модифајд Годс и Синњак, како пионери на блек металот кај нас, со испреплетеност на традиционални македонски звуци на нивни автентичен начин.

Во новиот милениум во сѐ уште транзициската, самостојна Македонија се јавуваат многу блек, дум и дет метал бендови кои заслужуваат внимание, но тоа е веќе друга приказна што останува да биде раскажана од некој друг јунак.

ПОСЛЕ ПОСЛЕДНАТА ПЕСНА

Писателот Јанис Јоневс е вистински раскажувач! Дијалозите се мајсторски изведени, лесни и интересни и без сомнение ќе ве вовлечат во светот на авторот. Освен со музичката сцена, авторот нè запознава и со многу од култните музички места и концерти во Летонија, а на крајот, со последното поглавје, да сведочи на распаѓањето на металската сцена во неговата татковина, каде што од доминантна супкултура станува маргинализирана.

Но, ова не е само книга за металци или за тие кои се заинтересирани за историјата на музиката туку и за секој што се интересира за една автентична, едноставна, непретенциозна и духовита приказна сместена во една постсоцијалистичка земја. За нејзината универзална вредност зборува и тоа дека по објавувањето книгата станала национален бестселер, ги добила наградите за дебитант на годината во Летонија и Наградата на Европската Унија за литература за 2014 година.

Текстот е многу слоевит со референции на историјата и културата на Летонија и на градот Јелгава, град што бил најпогоден за време на Втората светска војна во Летонија. Се работи за приказна за една младост, бурна и бунтовна, за растењето во сивите „комунистички“ згради во времето веднаш по распадот на Советскиот Сојуз, за еден млад човек кој стои сам (со своите верни другари) против семејството, општеството и светот, со показалецот и малиот прст исправени високо нагоре за да не стане како „возрасните“, конформист, обичен, здодевен... а дали протагонистот и неговите пријатели успеваат во тоа, останува да ја прочитате книгата и да дознаете. Ви посакуваме убаво „слушање“ и... останете брутални!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 15.11.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6323

07 / МУЗИЧАРОТ КАКО РАСКАЖУВАЧ

Дејв Грол,

тапанар на Нирвана, лидер на Фу Фајтерс, хроничар на музиката и сега реномиран автор!

БЕРТ СТАЈН

Автобиографската книга на Дејв Грол, најфиниот панк-рокер во историјата на музиката, е објавена на 5 април 2021 година.

Навидум се работи за едно заокружување на плодна 35-годишна кариера која започна со бендот Скрим (Scream), а се чинеше дека ќе заврши со Нирвана (Nirvana), каде „веќе и пилињата знаат“ Грол свиреше на тапани.

Нирвана станаа популарни во времето кога панк-рок музиката можеше да биде комерцијална и широко прифатена. Денес тоа се чини незамисливо и најблиску до тоа стигнаа Ајдлс (Idles) или можеби Слејвс (Slaves). Но, се разбира нив не ги знае секое дете на новиот милениум кое на JBL безжичен звучник поврзан со неговиот мобилен телефон на цел глас слуша мамбл рап. Тоа е популарно денес, нели, или веќе не е?

Да се навратиме на Грол, кој по смртта на Курт Кобејн, не се откажа од музиката, туку зема гитара во рацете и направи сопствен бенд. Многумина тогаш го осудија, но ретко кој предвиде дека Фу Фајтерс (Foo Fighters) ќе станат еден од најомилените и најпознатите американски бендови способни да полнат арени и стадиони во целиот свет.

ПО ПЕСНАТА ОСТАНУВА ПРИКАЗНАТА

Грол, се чини од малкуте интервјуа кои ги има дадено за Кобејн, го нема прежалено. Во скорешно интервју со Хауард Стерн, Грол раскажува како еден ден неговата 11-годишна ќерка посакала да излезат и да се повозат надвор затоа што и здодеало да бидат затворени дома. Додека се возеле на радиото засвирила 'Come as You Are'. Ќерката на Грол ја запеала песната и ги знаела сите зборови! Грол призна дека никогаш не и ја пуштил песната и дека не зборувале за Нирвана. Тогаш го прашала дали Курт бил срамежлив, а Дејв одговорил дека на некој начин бил.

Нирвана остави печат врз цела една генерација деца и во нашето мало, заборавено од светот гратче, младината во април 1994 година, откако дозна за смртта на Кобејн се собра пред Соборниот Храм во Скопје, да му оддаде почит. Прочитајте за ова, за пулсот на алтернативната младина во Скопје и за тоа што значеше Нирвана за тие генерации во делото „3 минути и 53 секунди" на Берт Стајн (стр.79-85).

Се разбира, историјата ќе просуди, но Дејв Грол е можеби позначаен од Курт Кобејн, како музичар, историчар на музиката и на се она што таа значи за луѓето, како и заради неговите активности надвор од музиката, а првенствено како човек и хуманист.

Дејв Грол ја издаде неговата автобиографска книга на 27-годишнината од смрта на 27-годишниот Курт Кобејн (5 април 1994). Аудиоизвадокот од ова дело е достапен преку оригиналниот текст.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 07.04.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5358

08 / МУЗИКА И ПРЕДРАСУДИ

За Евровизијата, за рокенролот, дрогите

и за тоа како 2020-тите можат да станат новите 1990-ти!

БЕРТ СТАЈН

Како некој кој носел долга коса и „откачена“ облека уште од тинејџерските години сочувствувам со Италијаните Måneskin. За да разбереме како стигнавме до ова „дереџе“ потребно е да се вратиме три децении наназад.

1990



2020

Гранџ 1990-ти и судирот со постарите генерации

Во 1990-тите рокенролот и неговите поджанрови како хард-рок, панк-рок, гранџ и други доминираа со светските топ листи. Тогаш бев средно училиште и слушав гранџ, но и метал, електронска музика и се друго што го сметав за бунтовно. Такво беше времето.

Сепак, таквата музика и стил на облекување не беше универзално прифатена. На моите професори во средно училиште им требаше многу време да се помират со мојот изглед и дел од нив никако не можеше да разбере како некој кој изгледа како мене може да биде и добар ученик.

Но, и надвор од училиштето не беше лесно. Сум бил нарекуван „наркоман“, „валкан металец“, „пропалица“... итн. Отсекогаш ме чудела таа парадоксална констатација дека поинаквите луѓе мораат да бидат наркомани само поради нивниот изглед, кога сите ние, алтернативци, уметници, знаевме дека турбофолкерскиот мајндсет отсекогаш бил поголем љубител на тешките дроги и жестокиот алкохол. Не за џабе постојат стиховите „Хајде да се дрогирамо.“

Освен тоа, не смееме да заборавиме на илјадниците легални зависници од Лексилиум, Дијазепам, Хелекс и слични многу опасни и зависни, но сосема легални, супстанци чија единствена цел е да го отапат умот и да го умртват телото. Според статистиките секој втор граѓанин ги користи овие супстанци, што е алармантно.

Алтернативецот е среќен со пиво и џоинт (со легализација на марихуаната во светот сега можеме веќе слободно да зборуваме за тоа). Лично не сум љубител на опојни средства, не пијам, не пушам, не користам забранети супстанци, но верувам во слободата секој човек да има право да избере што ќе внесе во сопственото тело. Негово тело и ум, негов избор.

ПОМЕЃУ СЛОБОДАТА И ЕТИКЕТИТЕ

За дрогите, легализацијата и декриминализацијата

Погледнете го случајот на Португалија која ги декриминализираше сите дроги и со тоа ги намали зависностите! Општата популација нема никаква корист од криминализацијата, туку како што самото име налага од неа имаат корист само криминалните групи!

За дрогите постојат многу дезинформации. Потребна ни е масовна едукација за видовите опојни дроги, ризиците, како и предупредување на помладите за нивната штетност за развој на мозокот. Треба да се отвори и јавна дебата за легалните дроги, алкохолот, цигарите, хипнотиците и анксиолитиците. Потоа можеме да зборуваме за некаква декриминализација или легализација, дури и на полесните дроги.

> **Дали знаевте дека на светско ниво алкохолот убива 3 милиони луѓе годишно и тоа е речиси 6% од сите смртни случаи!**

Тоа се факти кои треба да се знаат, како и тоа дека алкохолот уништува семејства, повредува луѓе (директно или индиректно) и застранува млади личности од продуктивната улога во општеството.

Такви и многу други страшни факти се наведени во многу студии. И покрај сето тоа алкохолот е сосема легален и се наоѓа во секоја продавница, покрај лижавчиња, сладоледи и сликички од светско првенство!

СОПСТВЕНО ТЕЛО. СОПСТВЕН УМ. СОПСТВЕН ИЗБОР.

РОКЕНРОЛОТ НЕ Е МРТОВ

Да се навратиме на музиката

Преседан во кој музиката доминира со топ-листите не се случи од 1990-ти и рокенролот набрзо беше заменет со други жанрови. Се разбира рокенролот опстоја, можеби најмногу благодарение на Foo Fighters чиј фронтмен, Дејв Грол, некогашниот тапанар на Nirvana, работел напорно за зачувувањето на рокерскиот дух во медиумите, преку неговиот музички и филмски ангажман. Но, ми се чини најмногу преку уривањето на парадигмата дека рокенролот мора да биде агресивен и непријателски. Дејв е олицетворение на благороден, пријателски расположен, алтруистички настроен музичар (кој се разбира нема да трпи „срања“ ако му ги наметнете).

Дел од таа револуција и враќањето на рок музиката на топ-листите се и панк-легендите на новото време, Idles, кои со нивната енергија, награди и настапи во живо ги креваат стандардите на панк-рок музиката. Но, тие се одличен пример за тоа како нештата во музиката и културата не се секогаш така како што изгледаат. Панкот го измисли „straight-edge“ движењето, а Idles пејат за разбирање, љубов и неагресија.

Се разбира, тука се и Slaves, како и The White Stripes, The Orwells, Savages, Viagra Boys, Heavy Lungs, Fontaines D.C, The Strokes, The Black Keys, Arctic Monkeys, The Kooks, The Raconteurs, Sleaford Mods, Deap Vally, незаборавните Royal Blood, како и многу други. Преслушајте ги, зашто некои од овие бендови се на листата на омилените бендови на победниците на годинешната Евровизија, Måneskin.

Се чини дека 2010-тите само нè подготвуваа за 2021 година, како официјален почеток на новата деценија во која рокенролот ќе се искачи повторно на топ-листите. И не сум единствениот кој мисли така!

2021 / ГОДИНА НА РОК-АЛБУМИ

Во февруари 2021, десеттиот студиски албум на Foo Fighters, Medicine at Midnight, дебитираше на 3-то место на топ-листата Billboard 200.


Во март, петтиот студиски албум на gothic rock бендот Evanescence, The Bitter Truth, се пласираше на единаесеттата позиција.

Во април на сцената се врати „чудото-од-бунтовни-деца-на-90-тите“ Offspring, со албумот Let the Bad Times Roll

Истиот месец реинкарнацијата на Led Zeppelin во форма на Greta Van Fleet го објавија The Battle at Garden’s Gate кои го достигнаа врвот на топ-листата на Billboard Mainstream Rock.

Понатаму Typhoons на гореспоменатите панк-рокери од Англија Royal Blood, ја достигна 11-тата позиција на топ-листите во САД.

Францускиот метал бенд Gojira со седиште во Њујорк го зазема местото на најпродаван албум во САД за изминатата недела со реномираниот Fortitude.



ГЛАСОТ НА ПУБЛИКАТА

> **Се чини дека – со зборовите на пејачот на Måneskin, кој беше обвинет дека е наркоман само затоа што ја спуштил главата надолу – „рокенролот не е мртов!“**

Она што е можеби мој „wishful thinking“, но се повеќе наликува на реалност – барем судејќи според гласовите на публиката за Måneskin – е дека 2020-тите ќе бидат нови 1990-ти... и време беше!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 27.05.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5598

09 / ДВЕ ВЕРЗИИ, ЕДНА БОЛКА

Како кантри пејачот Џони Кеш

стана дел од алтернативната култура со помош на Nine Inch Nails

БЕРТ СТАЈН

Независно од тоа дали Џони Кеш го сметате за легенда на американската кантри, фолк, рокенрол или госпел музиката, веројатно не сте знаеле за него пред 2002 година.

Во таа година тој направи обработка на песната Hurt на Американскиот индустриски рок бенд Nine Inch Nails, со кој – ако сте растеле со MTV (не MTB) – за прв пат сте се запознале од спотот на песната Head Like A Hole, пред три децении.

NIN се бучни, експериментални, искрени, не трпат сра*а и музиката ја користат како извик за се она што не чини на светот, но и како личен крик и исповед на внатрешните превирања.

Песната Hurt е токму таква, но во верзијата на NIN се работи за млад човек кој не може да се извлече од зачараниот круг на самоповредување, додека во верзијата на Џони Кеш се работи за судбината на постар човек кој знае дека неговиот животен век е при крај.

КОГА ПЕСНАТА ЌЕ ПРЕМИНЕ КАЈ ДРУГ

Џони Кеш навистина почина само една година по изведбата на оваа песна и остана вечно запаметен и почитуван од генерации алтернативни деца заради неочекуваниот спој на дијаметрално спротивни музички светови и култури.

Во стиховите на Hurt се испреплетуваат самотијата, вината и распаѓањето на еден внатрешен свет. Она што некогаш изгледало како царство се претвора во прав, а зад времето остануваат болката и чувството дека блиските веќе се далеку.

Интересно е дека самиот Трент Резнор, мозокот на NIN, во едно интервју изјави дека не и посветил внимание на обработката, додека не го видел спотот, кој е уште едно ремек-дело и станува омаж на богатиот, бурен и креативен живот на Џони Кеш. Тој заклучи:

> **Кога го видов спотот, разбрав дека песната не е веќе моја.**

И, за крај, една „мала дигресија“ – бидејќи почна петтата сезона на Rick and Morty, не заборавајте да се присетите на една постара епизода во која се слуша песната Hurt, додека епонимскиот лик Рик Санчез кој завршува во затвор, на прашањето за што е затворен, помирен со болката одговара: „За се!“

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 01.07.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5836

44 збора

кои немаат никаква врска со Били Ајлиш и нејзината музика, туку со еден семафор

БЕРТ СТАЈН

01 Веќе заборавената, но се чини пред илјада лета млада и надежна Billie Eilish, која ја доживеа својата слава во предпандемиското лето, кога сите живеевме во некоја невиност дека светот е она што го гледаме на нашите екрани е добра илустрација за илузијата на трендовите.

02 Некогаш популарната музика сака да се истакне како револуционерна и мразокршачка, небаре е Титаник кој пробива низ новите територии кон „храбриот нов свет“ на креативното изразување, без да потоне бедно како вистинскиот прекуокеански брод опеан во лимонадата од песна „Мај харт вил го он!“


03 Се чусвствувавме изиграно како прозаист кој решил да стане поет само заради Чарлс Буковски и неговата изрека: „Толку многу поети, толку малку поезија.“ Се разбира, ова не е поезија, ова е „рант“ за кој сакам да постои збор во македонскиот јазик, но не постои.

04 Нашиот јазик се спротиставува на промените за да не си го изгуби идентитетот, и заради тоа не можеме да го обвиниме, но можеме ли да ја обвиниме Billie Eilish за плагијаторство на оригинална песна од бендот „Звук на семафор на пешачки премин во Сиднеј?“

05 Ако воопшто има читатели кои можат да го следат лакот на приказнава, тие ќе знаат дека ова не е кликбејт текст, но за жал тој не се обидува да ве замисли, ниту да биде интертекстуален, туку му служи само на авторот како интелектуална вежба.

06 Ако не забележавте до сега, секој пасус од овој текст има по 44 збора, но тоа не е ништо оригинално или ново, како што не е ни семплот во песната „Bad Guy“ на Billie Eilish кој е претставен како авторска снимка и револуционерно преиначување.

ТРАГА НА ЗВУКОТ



1991/92	1993	1996	1999	2019
СИДНЕЈ	ORBITAL	PROPELLERHEADS	BASEMENT JAXX	BILLIE EILISH

07 Истиот звук всушност се јавува во песната Red Alert na Basement Jaxx од 1999 година, а и претходно во песната Lethal Cut на Propellerheads од 1996 година! Но, како во секоја добра крими приказна вистината се крие зад видливото или во случајов зад „слушното“.

08 Вистината е дека семплот потекнува од песната Walk Now... на еден од најоригиналните и најинвентивни британски електронски состави (а тоа авторитативно звучи!) Orbital од „далечната“ 1993 година, цели дваесет и шест години пред pesnata Bad Guy и речиси 10 години пред раѓањето на Billie!

09 Во технологијата постои еден термин кој повторно нема превод, „reverse engineering“, и ако го примениме на нашето истражување, во духот на крими-приказна, можеме да го откриеме убиецот – кој решава да украде семпл од познатиот алтернативен бенд Orbital и да го искористи во својата песна.

10 Но, тоа што тој не го предвидува е дека песната ќе стане мега-хит и во паника мора да се заштити – ја праќа ѕвездата со телефон во Сиднеј да го сними истиот звук на телефон и во документарецот го преставуваат како сопствено оригинално откритие.

11 44 секунди подоцна во 2019 година, таа се појавува со снимка која на YouTube постои веќе од 2013 година, а оригинално ја снимил членот на Орбитал Paul Hartnoll на нивната турнеја во Австралија и свирката на илегален рејв Welcome 92 за новата година 1991/92.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 09.07.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5812

11 / МУЗИКА, ГРАНИЦИ И ПРИПАЃАЊЕ

I am from Macedonia, take me to Europe!

БЕРТ СТАЈН

“I am from Bosnia, take me to America!” засвирија Dubioza Kolektiv во Советот на Европа (Council of Europe) во Стразбур, Франција и воедно побараа азил за бендот, па и понудија бесплатни свирки во паузите на седниците, за забава на политичарите и за поубава атмосфера!

Објективна гледна точка

Одличниот настап на Дубиоза Колектив не потсети дека балканскиот призвук е интересен за Европејците. Но, дали тие навистина ги слушнаа стиховите со длабока општествена и цивилизациска критика? Освен тоа, останува под знак прашање дали ние Балканците сме им интересни само како “dancing monkeys” или навистина се интересираат за нашата култура и автентичен дух.

Да се присетиме дека основната задача на Советот на Европа е создавање на единствена Европа во чии основи лежат принципите на слободата, демократијата, заштитата на човековите права и владеење на правото. Дали е така навистина?

> **Франција и Европа ја предадоа Македонија, за едно „мерси“ на Бугарија!**

Но, за Македонија тоа не е ништо ново, веќе виден филм, сите овие децении, па и повеќе од еден век. Останува да се обидеме да ги пратиме Суперхикс на една турнеја по Европските политички организации (и тие се духовити, забавни и критички настроени кон општеството).

> **Ако некој може да се избори за нашата иднина, тоа се Суперхикс!**

Лична перспектива на Берт Стајн

Пеце од Суперхикс, во раните 1990-ти, доаѓаше во мојот подрум на пробите на бендот наречен Social Imbecility и нè навлекуваше на Ska punk, додека ние се обидувавме да „пичиме“ Hardcore punk. Но, тоа беше во една држава која веќе не постои.

Во оваа новава, додека Суперхикс „се подготвуваат“ за нивната турнеја низ Европа, решив да ги преслушам албумите на Дубиоза Колектив, од првиот па понатаму. Дубиоза почнав да ги слушам релативно доцна, можеби околу 2013 година, некои 4-5 години по нивното пробивање на балканскиот пазар – иако сум роден во Босна и тие ги мешаат (и по малку имитираат) омилените бендови од мојата младост (Asian Dub Foundation, RATM).



ЛИЧНАТА ПРИКАЗНА ЗАД ПЕСНИТЕ

Можеби играше улога и тоа што во тие години имав две „пиленца“ во гнездото кои бараа постојано внимание со нивните отворени клунчиња високо кон небото. Тие пиленца, се разбира беа моите деца, а небото над нашиот град беше сиво, како и нашата иднина. Со други зборови, немав време за музика!


Сега, од дистанца на еден „средовечен“ татко, можев да се навратам на музиката и по малку „бумерски“ (што би рекле денешните млади) да дадам видување на музиката на моите поранешни сонародници. Притиснав „play“ и почнав да слушам.

Dubioza kolektiv (self-titled album, 2004)

На првиот албум се гледаат влијанија од реге и даб музиката, Asian Dub Foundation, Rage Against the Machine, Morcheeba, Tricky и се разбира, балканскиот мелос.

Албумот започнува невпечатливо со рандом мешање на реге, индиската музика и народњачкиот балкански мелос (Bosnian Rastafaria, Be Highirly и подоцнежната Receive), во стилот на Asian Dub Foundation, на моменти и Manu Chao, но како што се одвива станува се посериозен, поинтимен, побунтовен и поискрен.

Песната The Identity (делумно и песните Bring The System Down, Right Moments и Emptiness) веќе сосема го открива влијанието на ADF со вклучување на гитарски рифови и поенергични елементи со тивки паузи на шепотење/викање во стилот на Zack de la Rocha од RATM.



DUBIOZA KOLEKTIV / 2004

> **На сличен начин Cannot Forgive започнува со монолог за распадот на Југославија, а продолжува со рифови и рапување во стилот на Rage Against the Machine. Песна за војната, бунтот, внатрешниот и надворешен немир.**

Песните Prisoner, One Blink се типични трип-хоп песни од стилот на Tricky и Martina, пејачката која го даде впечатливиот призвук на раните албуми на Tricky, кои го дефинираа стилот трип-хоп една деценија пред овој албум на Дубиоза колектив. Последната песна Endless е слична во тој поглед.

И тоа е деби албумот на Дубиоза Колектив, најуспешниот балкански бенд произлезен од деца на војната, транзициите, несигурноста, кризата и без иднина. Подоцнежните албуми ќе го донесат нивниот препознатлив стил и меѓународен успех – и подобрата иднина за нив – која сосема ја заслужуваат.

> **До следниот албум, слушајте Дубиоза, пардон Суперхикс!**

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 12.11.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6300

12 / ЈАЗИК, ПАМЕТЕЊЕ И ИДЕНТИТЕТ

За македонските и бугарските работи

БЕРТ СТАЈН

За некој кој е дојден во Македонија пред три децении од северно-западните краишта, оваа поранешна југословенска република имаше чудна репутација. Беше по малку мистична, но претежно луѓето од другите републики ја игнорираа, а по некој ја задеваше, како во популарната шега: „Е*и ја земјата на која Албанија и е Запад!“ Во меѓувреме работите се сменија, Албанија се ослободи од стегите на комунизмот, а ние нашиот прекрасен самоуправен социјализам го претворивме во транзициски „снајди-се-кој-знае“ капитализам. Но, да се навратиме.

Кога дојдов во Македонија, морав да го научам јазикот и културата, по дворовите здогледав праски на дрвјата и луѓе кои колективно прават Ајвар, како тоа да е најбитната работа на светот. За мене сето тоа беше необично, за мене Македонија беше волшебно место. Но, никогаш не сум помислил дека ова место е Бугарија. Го научив македонскиот јазик, а подоцна почнав да пишувам книги – но се уште не можам да разберам ниту една единствена реченица на бугарски јазик!

МЕШАВИНА ОД МНОГУ КУЛТУРИ

За некој кој што живеел во Босна, и српско-хрватскиот јазик е мајчин јазик, на училиште наизменично пишувавме кирилица и латиница (немавме посебни гуми за двете азбуки, како што тврдеше серијата Топ листа надреалиста). Србите и Хрватите имаа бурна разделба, но никогаш не го оспорувале идентитетот едни на други, иако имаат идентичен јазик. Меѓу другото, Хрватите никогаш не тврделе дека Никола Тесла е нивен научник, иако е роден на територијата на денешна Хрватска, за разлика од Бугарија.

Македонија е прекрасно место. Не заборавајте дека таа е единствената југословенска република која се одвои од федерацијата на Југославија по мирен пат. Мешавината на многуте националности и култури тука е толку очигледна, дури и за окото на странците, што „Македонија“ (la macedonia) во Италија значи „овошна салата“ – мешавина од сите слатки вкусови и овошја! И со право.

Македонија им даде глас на сите малцинства, албански, босански, српски, влашки, турски, ромски... и сите тие можат да изберат да ги поседуваат официјалните документи на нивниот мајчин јазик. Тие можат полесно да се запишат на универзитет и да се вработат само врз основа на нивниот малцински статус. Македонија е единствената земја каде Власите (Аромуните, Цинцарите) и Ромите се официјално признати како малцинство! Исто така официјално се признаени Турците, Србите и Бошњаците (0,8 проценти од населението).

Што можат да кажат нашите соседи за тоа? Што стори Грција или Бугарија, двата главни борци за уништување на нашето достоинство како човечки суштества со бришење на нашето минато и идентитет, во насока на промовирање на мултикултурата или нивните малцинства? Во Македонија има многу постари луѓе кои можат да ви раскажат приказна или две за нивното детство во Егејска или Пиринска Македонија кога насилно биле избркани од нивните домови.

ШТО ПРИЗНАВААТ ГРАНИЦИТЕ?

Грција не признава никакво малцинство, иако има речиси 500 илјади Албанци, 250 илјади Роми, 200 илјади Власи, 100 илјади етнички Македонци и исто толку Турци итн. Грција честопати категорично наведува дека не признава дека „на нејзината територија постои одредено етничко или јазично малцинство кое се идентификува со името македонско“. Тие признаваат само едно малцинство, муслиманското верско малцинство во Западна Тракија, кое е заштитено со условите на Договорот од Лозана во 1923 година (кој можеби ќе биде прекинат во 2023 година, што укажува за цивилизациското назадување во последните 100 години).

Според официјалните консензуси Бугарија има мнозинско население од речиси 90 проценти и како таква е една од етнички најчистите земји која не признава ниту едно од малцинствата! Албанија, напротив, официјално признава три национални малцинства – Грци, Македонци и Црногорци. Бугарските власти покажаа амбивалентност кон признавањето на постоењето на малцинствата во Бугарија. Самиот Устав не го користи терминот „национално малцинство“ – наместо тоа се однесува на „граѓани чиј мајчин јазик не е бугарски“. Терминот „национално малцинство“ не се појавува никаде во бугарското законодавство.

Сепак, Бугарија има најголемо ромско население во ЕУ во однос на вкупното население и големо непрепознаено влашко население. Нивната Влада го негира постоењето на етничко македонско малцинство и не ги признава Помаците (што Владата ги смета за муслимани кои зборуваат бугарски јазик) како посебно малцинство – тврдејќи дека и двете групи се всушност етнички Бугари.Наместо да биде казнета, Бугарија е наградена со членство во Европска унија, додека Македонија беше казнета за мирната и толерантна природа со промена на нејзиното име. Ние, по кој знае кој пат, ја свиткавме главата и направивме тежок чекор за просперитетот и интеграцијата на Македонија во европското семејство. За жал, тоа не се случи.

ШТО ГО ПРАВИ ЧОВЕКОТ ДЕЛ ОД НАЦИЈА?

За мене беше голем парадокс кога дознав дека големите македонски историски личности нашите соседи не ги сметаат за македонци. Големите мислители, водачи и револуционери од Кирил и Методиј, до Цар Самоил и Гоце Делчев биле наводно Бугари, Крали Марко бил Србин, а Аристотел и Александар Велики (не „македонски“) биле, се разбира, Грци. Листата на имиња всушност е многу поголема. За нашите соседи едноставно не постои една единствена личност од историјата на Македонија, која е македонска. Што сме тогаш ние и дали воопшто постоиме?

Би сакал да знам која земја во историјата на светот била толку етнички чиста што може да ги присвои сите свои важни луѓе како етнички чисти и да го негира фактот дека луѓето мигрирале, патувале и ги ширеле нивните хоризонти. Денес многу деца во светот зборуваат подобро и го користат повеќе англискиот јазик отколку нивниот мајчин јазик, дали тоа ги прави американци?

Навистина, што го прави еден човек да биде член на една нација? Неговото родно место, неговиот јазик, обичаи, лични верувања?... Сето тоа е толку субјективно. Во Бугарија не можеш истовремено да бидеш Македонец и Бугар, во Грција – исто. Тоа е националистичко и шовинистичко, „не-европско“ и заглавено во старите парадигми и верувања на националистичките вредности над се, спротивно на „европското семејство“, што и самата таа фраза станува без значење .

> **Ако е така, можеби Македонија, позната по своето прифаќање на сите раси, националности и верувања – воопшто не припаѓа во Европа!**

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 22.04.2021


Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5425

03

Филм, критика и сатира

ПОВЕЌЕ ОД ПОДВИЖНИ СЛИКИ



ПОГЛЕД / КРИТИКА / АПСУРД

АРНО.МК / 2021

13 / ЗВУКОТ И ТИШИНАТА

Sound of Metal

филм за музиката кој укажува на значењето на тишината

БРАНКО ПРЉА



Звукот на металот (Sound of Metal, 2020) е филм на Дариус Мардер (Darius Marder) со одличниот Риз Ахмед (Riz Ahmed) во главната улога, како музичар-тапанар кој го губи слухот. Но, Sound of Metal воопшто не е филм за музиката!

На истиот начин познатиот Whiplash (2014) не е филм за музиката, туку длабока студија на двата главни карактери во филмот. Сепак, тој се потпира на внатрешната (патем речено сосема нездрава) динамика која ја имаат тие помеѓу себе.

Начинот на кој е претставена тишината и звукот како што го доживуваат глувите во филмот е восхитувачки. Сепак, додека на Whiplash (2014) му е потребен звукот за да ја пренесе својата порака, Sound of Metal (2020) се потпира токму на обратното. Филм за музиката кој што се потпира на тишината!

Колку што се работи за еден панк-рок филм, толку се работи за инди остварување кое му зборува на гледачот на многу подлабоко човечко, па дури и филозофско ниво.

ПОМЕЃУ БУЧАВАТА И МИРОТ

Spoilers Alert!

Филмот започнува со концерт на бендот, момче (Riz Ahmed) и девојка (Olivia Cooke) кои се главни актери во приказната. Песната е агресивна, музичарите доживуваат катарза и се погледнуваат како во транс. Во таа секунда на гледачот му станува јасно дека приказната нема да заврши добро.

Рубен, главниот лик, е поранешен наркоман, со тетоважа "Kill Me Please" и лузна од изгасната цигара на градите. Но, тој се труди да остане чист, подготвува здраво смути наутро и се чини мотивиран, здрав и среќен.

Се разбира, како и во секој добар филм, среќата е само привид и наскоро почнуваат проблемите. По низа нагли резови на сцените, преминување од бучава во тишина и муабети за смртта, Рубен го губи слухот.

Главната приказна сепак допрва претстои. Рубен ќе заврши отцепен од светот во Заедницата на глуви каде тие го учат дека проблемот не е во ушите, туку во мозокот, во психологијата на тој кој не слуша. Во заедницата сите имаат дневни задачи, а Рубен мора да научи да зборува со користење знаци заради што го праќаат на училиште со деца.

Во меѓувреме му даваат една задача – да пишува. Никој нема да чита што напишал, но мора да пишува без престан – се додека не го најде мирот. Менторот го прашува дали после сите денови и часови поминати во собата со пенкало во раката имал моменти на „мир" (stillness).

ПОМЕЃУ БУЧАВАТА И МИРОТ

Рубен му одговара дека светот постојано се движи и никому не му е гајле дали тој е жив или мртов. Менторот тогаш разбира дека Рубен никогаш нема да го најде мирот и му го покажува знакот за зависник според јазикот на глувонемите кој е „јадица во устата“.

Внатрешни демони

Ова е најбитната лекција на која се обидува да не научи филмот. Зависникот е тој кој е постојано во потрага, оној кој не може да седи мирен. Да бидеш глув не е хендикеп, не е нешто што „треба да се поправи“.


Но, Рубен е бесен однатре, не може да се смири и се решава на операција за кохлеарен имплант. Сепак, тоа го води во ново незадоволство, звуците не се такви какви што беа, а се чини дека не е ни неговата перцепција на животот.

Дали тоа што го слушаме, гледаме, допираме не дефинира како човечки суштества?

Филмот завршува неодредено, се чини дека главниот лик откако ја запознал тишината веќе не може да се носи со звуците на светот кои му се чинат метални и хаотични. На крајот на филмот кога ги симнува имплантите и во тишина го набљудува светот се чини дека конечно го пронаоѓа мирот.

Уметникот како Исус

Филмот, како што рековме, воопшто не е за звуците или за музиката. Се чини дека тоа е само позадина на нешто многу



подлабоко. Оној кој не може да го најде мирот, никогаш нема да биде задоволен и ќе биде во постојано барање.

Можеби тоа е и поентата на музиката, на уметноста генерално, уметникот постојано бара нешто, и е осуден вечно да биде сам, дури и кога е со луѓето. Другите луѓе кои се дел од заедница и го исполнуваат животот со секојдневните нешта и грижата за другиот, повеќе отколку за себеси, живеат „сега и тука“. Тие немаат потреба од потрага.

За жал, уметникот мора да се жртвува себеси за другите луѓе кои мораат да го пронајдат мирот и во тие страданија на уметниците за човештвото има една исусовска димензија. Затоа, секое општество би требало да си ги негува и да им се заблагодарува на уметниците. Сепак, преку тоа можат да ги разгалат и да им го одземат единственото заради што создаваат – вечната потрага по тоа што го немаат.

Главниот лик на Sound of Metal се чини дека живее во истиот парадокс. Единствениот начин да го пронајде мирот не е преку уметноста, туку преку откажувањето од истото.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 28.01.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5016

14 / ФИЛМ, СТРИП И АПСУРД

За „Боречки клуб“,

апсурдната уметност, домашниот стрип и парадоксалната Македонија!

БЕРТ СТАЈН



Чак Паланик е најпознат како автор на „Боречки клуб,“ чија филмувана верзија (Fight Club, 1999) беше една од големите екранизирани претстави на егзистенцијалниот немир од крајот на милениумот.

Заедно со цела плејада слични филмови како Матрикс (The Matrix), Догма (Dogma), Магнолија (Magnolia), Канцелариски простор (Office Space), Две зачадени двоцевки (Lock, Stock and Two Smoking Barrels), Дух куче (Ghost Dog), Очи ширум затворени (Eyes Wide Shut) и Американска убавина (American Beauty) – сите од 1999 година! – го означија крајот на деценијата, векот, милениумот и почетокот на нешто ново и свежо – грешка!

Тие го означија крајот на надежите за похуман свет и почетокот на свет составен од „копија на копија на копија“ (како во една сцена од „Боречки клуб“).

Можеби напредокот на интернетот и она што тогаш, на почетокот на милениумот, го нарекуваа интернет 2.0 (друштвени медиуми) донесе крај на сите големи револуции во уметноста поради (парадоксално!) неможноста да се направи силно и истакнато

АПСУРДОТ И РЕАЛНОСТА

влијание врз поголема популација кое ќе оствари голем впечаток. MTV беше мртва и заменета со YouTube, а таму секој е свој медиум и, според пророчките зборови на Енди Ворхол, „секој има 15 минути слава“.

> **Во денешен свет, навистина, славата трае 15 минути и едно меме (meme) има повеќе шанси да стане тинејџерски идол отколку бенд како Нирвана!**

Но, каде е Чак во приказнава? Чак Паланик скоро гостуваше втор пат кај Џо Роган и повторно се покажа како интересен, непредвидлив и провокативен. Секогаш подготвен да раскаже необична приказна и да се спротивстави на политички коректната Америка.

На почетокот на гостувањето тој зборува за апсурдниот егзистенцијализам како истакнато движење во уметноста.

Ја споменува авторката Кетрин Дан (Katherine Dunn) која во 1989 напишала роман „Изопачена љубов“ (Geek Love) за маж и жена циркузанти кои соочени со неуспехот на нивниот циркус се решаваат на драстичен чекор. Под дејство на различни штетни хемиски супстанци и радиоактивни влијанија го оштетуваат потомството и создаваат своевиден „freak show“ од мутирани деца – за да обезбедат материјална егзистенција, ја жртвуваат суштинската!

Апсурдизмот е интересен правец во уметноста затоа што (на апсурден начин:) ја доловува реалноста на многу поискрен и пореален начин отколку реализмот! Тој истовремено предупредува за можните реалности и со неговото претерување

укажува на опасностите од неодговорноста на индивидуи или општества во целина.

> **Апсурдизмот во уметноста е симптом на едно изопачено општество! Или е обратно?...**

Во нашата средина за жал нема многу апсурдистички автори, можеби затоа што живееме една апсурдна реалност на вистински „freak show“ во кој дишењето штетни хемикалии е секојдневие. Се разбира, горното е кажано со доза цинизам, апсурдистички автори има, но подобрите ги оставија своите дела во последната деценија на 20-тиот век, во времето кога нашиот град ја живееше алтернативната уметност, и таа беше добредојдена и масовно прифатена.

Од едно такво време се истакнува и серијата стрипови „Копиљ“ на Горанд Дач објавени во списанието за стрип Лифт. За „Лифт“ денес никој не зборува, освен можеби во контекст на актуелната награда за стрип, но во 1990-тите списанието беше одличен извор на американски андерграунд стрипови и одличен медиум за претставување на македонските стрип-цртачи и илустратори кои ги имаше многу и беа квалитетни. И за Горнд никој не зборува, барем не во нашите медиуми (освен на okno и arno.mk, се разбира), а во српските зборуваат. Тоа е доследно на вицот со казаните во пеколот каде за секоја земја има ѓавол кој ги враќа душите внатре со тризабец, освен во македонскиот казан каде душите сами го тегнат за нозете оној кој ќе успее да исплива – тоа е нашата парадоксална (пеколна) реалност!

Горанд даваше хируршки прецизна фелиниевска (грда, но вистинита!) слика на нашето транзициско општество преку

АПСУРДОТ И РЕАЛНОСТА

„педери и наркомани и други глупости“ (како во песната на Суперхикс, уште едни мајстори на пародијата на секојдневието). Неговиот Копиљ беше анти-херој на 1990-тите, на транзицијата, војните, стереотипите, примитивизмот, национализмот и се она што не чини – а со што растевме!

> **Горанд, Пешев, Шуки, Кирчо Арсовски, Ацо Станковски... помеѓу стриповите во Лифт една сцена – едно типично македонско семејство, таткото меле пиперки за ајвар и случајно си ја фаќа и меле раката! Во паниката мајката изјавува дека барем ќе имаат „мевце“ за ручек.**

Се работи за одличен пример за парадоксалноста (и да, апсурдноста) на нашата егзистенција и преминот од добросостојба во сиромаштија во која се нашла нашата земја во 1990-тите. Како во романот каде сопствените деца се жртвуваат за опстанокот (а со тоа парадоксално им се загрозува опстанокот), така и во македонското семејство се радуваат на мевцето на раката која (претпоставуваме) ги рани, парадоксално жртвувајќи ја иднината за моментот.

> **Апсурдот е во нашата суштина – македонска или човечка, останува да просудите сами!**

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 02.11.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6231

15 / КАКО СЕ МЕРИ ФИЛМОТ?

Rotten Tomatoes

е најдобар сајт за оценка на филмови, воедно тој е и најлош!

БЕРТ СТАЈН

Ако сакате да знаете како може со ист аршин да се мерат „Шиндлеровата листа“ и филмовите на Марвел, посетете го сајтот на Rottoen Tomatoes!

Пред да почнеме да ги рендаме „патлиџаните“ (или пржиме „пиперките“ за филмски ајвар во нашиот културолошки контекст) – да се разбереме:

> **Rottoen Tomatoes не дава оценка за филмовите, туку е претставува консензус помеѓу критичарите. Но, што значи тоа?**

Тоа всушност значи дека ако сакате да направите филм кој ќе има висок скор на Rottoen Tomatoes, тогаш држете се до успешниот рецепт:

Изберете 100 грама сигурна тема

Додадете 50 грама тоа што е во тренд

Измешајте, но не премногу! – за да не ги предизвикувате гледачите (критичарите) да размислуваат

ПРОЦЕНТИТЕ И ВКУСОТ

Варете на тивок оган со кој нема да предизвикате многу „цева“

На крај прелијте со прелив без вкус за да не претерате и да навредите некој!

Тоа најдобро се гледа во примерот на филмовите „Боречки Клуб“ (Fight Club) со скор од 79% и

> **„Канцелариски простор“ (Office Space) – култен филм од 1990-тите кој длабоко одекнал во колективниот ум на цела армија луѓе има скор од 80% – а парадоксално сцена од него се наоѓа на плакат од канцелариите на Rotten Tomatoes во Беверли Хилс, Калифорнија,**

заедно со Евтини Приказни (Pulp Fiction, 92%) и Појадок кај Тифани (Breakfast at Tiffany’s, 89%).

Во споредба со овие култни класици, 11 од филмовите на Марвел имаат скор над 90% и тоа:

Black Panther (2018) 96%

Avengers: Endgame (2019) 94%

Iron Man (2008) 94%

Thor: Ragnarok (2017) 93%

Spider-Man: Homecoming (2017) 92%

Guardians Of The Galaxy (2014) 92%

Shang-Chi And The Legend Of The Ten Rings (2021) 92%

Marvel’s The Avengers (2012) 91%

ПРОЦЕНТИТЕ И ВКУСОТ

Spider-Man: Far From Home (2019) 90%

Captain America: Civil War (2016) 90%

Captain America: The Winter Soldier (2014) 90%


Дали овие филмови се поквалитетни од погорните кои се покажале култни за една цела генерација? Се разбира дека не се. Но, секако се посигурни, содржат и спроведуваат во реалност една испитана формула за успех.

Проблемот е што системот на скорови создава забуна и никој не размислува за тоа дека се работи за консензус помеѓу критичарите, т.е. колку критичари го оцениле филмот како добар или лош, а не за апсолутна оценка за филмот.

Според сајтот култните филмови од 1990-тите години, како „Девојка со пореметување“ (Girl, Interrupted), има 54%, а бил значаен за една цела армија тинејџерки од 1990-тите, но секако не е “safe” за општа употреба, додека ремек-делото на Тери Гилијам „Параноја во Лас Вегас“ (Fear And Loathing In Las Vegas) има 49% итн.

> **Но, ако сакате да знаете кој филм е двојно подобар од овие класици, тоа е – Paddington 2 (100%)!**

На 99% од публиката (да ги искористиме процентите на истиот грешен начин на кој ги користи Rotten Tomatoes) не и’ е јасно дека процентите не се апсолутна оценка за филмот, туку релативен консензус и дека 50 не е двојно послабо од 100!



ПРОЦЕНТИТЕ И ВКУСОТ

Што да се направи?

Кога би имале одлучувачка улога во Rotten Tomatoes (која се разбира ја немаме) и кога светот не би бил една какофонија од дразби кои го бомбардираат мозокот и не му даваат мир (како што е и тоа нема да се смени), а сопствениците на тие мозоци би имале време да се „замараат“ со финеси (што немаат), добро решение би било:

> **Да се направат категории на оценување филмови!**

Да се стави Човек пајак 2 (Spider-Man 2, 93%) и Приказна за играчките 4 (Toy Story 4, 97%) – 25 години откако остави печат на светот со оригиналниот прв дел, на иста вага со The Shining (84%) и Евтини приказни (Pulp Fiction, 92%) е не само грешно, туку и смешно. Народски кажано:

> **Rotten Tomatoes мери баби и жаби!**

Со сегашните критериуми гледачите губат шанса да видат многу квалитетни филмови од минатото. Нема ништо лошо во „блокбастерите“ – забавни се и лесно заменливи со продолженија, но тие би требало да се одделат од филмовите кои оставаат културен колективен печат.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 25.10.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6205

16 / ДВЕ СЛИКИ НА ЕДЕН ГРАД

Белфаст на филм,

денес и пред 30 години, или зошто денешните филмови се тапа!

БЕРТ СТАЈН



„Белфаст“ (2021) е филм кој освоил и бил номиниран за бројни награди, но според нас филмот е навистина здодевен! Изгледа како да е снимен во студио кое прилично неуверливо го симулира Белфаст од 1969 година, премногу чисто и стерилно.

Не е правилно искористена дури ни црно-белата кинематографија, без никакво играње со сенките како во филм-ноар филмовите, кадрите се преосветлени и дводимензионални, како и карактерите. Се издвојуваат само неколку силни пејзажни сцени од почетокот на филмот кои делуваат повеќе како разгледници, но тие не се доволни да го спасат овој филм

ФИЛМОТ И ЖИВОТОТ

Музиката е очајна и пречи на дејството, режисерот е толку заљубен во Ван Морисон што го користи на секој пет минути прекинувајќи го филмското дејствие како некој здодевен тинејџер кој преслушува една песна по цел ден. Јасно е дека музиката е претставена како контрапункт на тешката реалност на едно протестантско семејство во католичкиот крај на Белфаст, но и тоа не е направено доволно убедливо.

Ликовите се толку очигледни што не е смешно, предвидливи до бесвест! А да не зборуваме за слаткастиот американизиран крај кој не остава загрижени за иднината на европската кинематографија.

Единствен лик кој остава впечаток е ликот на мајката која има неколку силни монолози, но освен тоа дури ни ликот на дедото кој треба да внесе живописност во ликовите не успева да го направи тоа со неговите мудрости од типот:

„London is only one small step for a man“, по искажаната желба на синот да избега од Белфаст со семејството во Лондон, очигледно


ФИЛМОТ И ЖИВОТОТ

алудирајќи на слетувањето на Месечината кое се споменува неколку пати во филмот. Дедото е полн симпатични забелешки за животот и мудрости за тоа како да го измамиш системот. И потоа, умира!

А сега нешто сосема поинакво!

Ако сакате да видите вистински филм за модерната историја на Северна Ирска, гледајте го „Во името на таткото“ (In The Name Of The Father, 1993), вистински контрапункт на филмот „Белфаст“. Во него гледаме сцена во која младиот Ирец кој бега од Белфаст заради проблемите со ИРА (Ирска Револуционерна Организација) и се качува на брод за Лондон. Татко му вели: „Remember, honest money goes further.”, додека синот, кој ја раскажува приказната за слушателот вели: “Honest money goes further. A bird in the hand is worth two in the bush. Never look a gift horse in the mouth... He’d a cliche for every occasion.“

Потоа синот се качува на бродот без да се поздрави со таткото и застанува, како да се двоуми, му довикнува поздрав на таткото,



кој е веќе одамна заминат. Животот е таков, без слаткасти ветувања, или грандиозни изјави. Никогаш ништо не иде како што сакаш. Тоа е европски филм!

Дури и кога таткото и синот се слушаат по телефон никој не го кажува тоа што го мисли, разговорот е краток, непријатен, а по него таткото се извинува на шефот затоа што син му се јавил од Лондон! Без мудрости и значајни пораци, без значење во свет кој допрва ќе се сруши.

Само во првите пет минути од филмот „Во името на таткото“ се случуваат повеќе работи и дознавате повеќе за историјата и случувањата во Ирска отколку во целиот филм „Белфаст“. Обидете се, нема да зажалите, ако ништо друго, ќе дознаете зошто Северна Ирска беше „лош трип“!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 30.12.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6472

17 / ЧОВЕКОТ ЗАД ИДЕОЛОГИЈАТА

Дија Кан,

храбра жена која се бори против нацизмот со камера и човечки муабет

АРНО.МК

Дија Кан (Deeyah Khan) е муслиманка од Норвешка, со потекло од Авганистан и Пакистан, активистка и новинарка која прави документарци со екстремистичките групи во Англија и САД. Нејзиното „портфолио“ опфаќа интервјуа со членови на Кју Клукс Клан, џихадисти, бели екстремисти, неонацисти итн.

Како гостинка во подкастот на Расел Бренд, на прашањето зошто некој воопшто намерно би се ставил во такви опасни ситуации, таа одговара дека е заинтересирана за човечката природа, за причината зошто луѓето воопшто веруваат во одредени работи и зошто прават екстремни нешта.

Таа додава дека зад целата идеологија постои човечко суштество и тоа е примарен интерес на нејзината работа, но не со цел да го оправда, туку да дојде до сржта на проблемите и да се најде решение.

РАЗГОВОРОТ КАКО ПРИСТАП

Се разбира, како муслиманка во Норвешка, како што вели самата, растела опкружена со „море од русокоси луѓе“, честопати била изложена на расизмот, национализмот, верската нетрпеливост и ксенофобијата.

Нејзиниот став е дека во сржта на сите екстремистички ставови, независно од тоа дали се работи за џихадисти или неонацисти, постои една вистина: секогаш станува збор за луѓе кои се ранливи и во потрага по смисла. Тие трагаат по значење, припаѓање, чувство на цел, братство, другарство, начин на пронаоѓање на суштина во свет кој се менува пребрзо пред нивните очи, свет во кој не вредат ништо и немаат моќ.

Таквите луѓе се главна цел и стануваат жртви на екстремистичките групи и организации кои активно и со предумисла ги регрутираат за своите политички цели. Психолошкиот, емитивниот и социолошкиот профил на таквите „жртви“ е еднаков во сите култури, верувања и идеологии.

Што можеме да направиме?

Сите набројани потреби, според Дија, се базични човечки потреби и улогата на општеството е да ги задоволи за да се спречат „-измите“ и во мнозинството и во малцинските групи. Во интервјуто зборува за тоа дека „малцинствата не се ништо

РАЗГОВОРОТ КАКО ПРИСТАП

поинакви од мнозинствата,“ и кај нив постојат прекрасни луѓе, како и тешки, агресивни и ужасни луѓе, како и во секоја заедница. И таму постојат расисти, националисти итн.

Пристапот на Дија Кан е индивидуалистички. Слично на пристапот на и Дерил Дејвис (Daryl Davis), црнец кој преобратува членови на Кју Клукс Клан за кој веќе имаме пишувано.

Дија, исто така, присуствува на неонацистички протести, интервјуира џихадисти, поминува часови со „супрематисти“ на белата раса поставувајќи им лични прашања и обидувајќи се да ги разбере суштински. Ова е неверојатно храбар и доблесен чин, да разговарате со луѓе кои ве презираат и кои потенцијално сакаат да ве нема.

Дија има добиено многу закани по животот, од бели националисти кои ја гледале нејзината изјава дека „Англија никогаш повеќе нема да биде бела“, од муслимански шовинисти кои ја гледале како свири на концерти како дете и сметале дека жена не смее да се занимава со музика, од џихадисти кои и се заканувале заради нејзините феминистички ставови, до неонацисти кои едноставно ја сметале за жена со „гомно-боја“ на кожата.

Во подкастот со Расел Бренд, кој е сниман во ноември минатата година, Дија зборува за средбата со главниот човек на



РАЗГОВОРОТ КАКО ПРИСТАП

национал-социјалистичкото движење во САД, Џеф Скуп (Jeff Schoep). По деновите и часовите поминати со Џеф, муабетот за заканите по живот кои ги добивала, нејзиното минато, неговото детство и мигот кога на 13 години го читал „Мајн Кампф“ од Хитлер, се чини дека Џеф е потресен затоа што до тој момент никогаш во животот не се почувствувал близок со некој од поинаква религија, раса или култура.

Дија дополнува дека Џеф е се уште (ноември 2019) главен во организацијата на неонацисти во САД, но последните вести од април 2020 година зборуваат поинаку. По децении учество во движењето тој го има напуштено и планира да помогне во неговото уништување. Како дел од причините ги наведува разговорите со Дија.

Целиот разговор со Дија Кан е достапен преку оригиналниот текст.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 25.01.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5001

18 / МАЛО ХОЛИВУДСКО СОЅВЕЗДИЕ

(S)везден љубовен триаголник!

БЕРТ СТАЈН

Сатирата е здрава форма на соочување со проблемите, лични или општествени. И Берт би сакал да биде Бред, ама освен лепче и солца тешко да има повеќе. Тоа е маката на уметниците, но затоа барем лудо се забавуваат кога творат!

Ви ги претставуваме малите шеговити песнички на Берт Стајн за неговото „омилено“ ѕосвездие од три ѕвезди: Бред, Анџа и Џени!

Бред Симит

Си бил еден Бред Пит,
да го мачкаш на лепче,
што актерче!

Од добар до лош лик,
фаца и пол е тој тип,
сите улоги му стојат лични,
па и комбинации недолични

Како леб во пита,
„бред во пит“ –
тој ти е како симит!

Анџа Џоли

„Џоли Пит го воли!“
видов графит, и „стварно“
– беа фит!

Анџа го грабна бретче,
на Џени и дрпна лепче,
без американска пита го остави,
па јабана, в’ Африка, Азија го фрли.

Такви се маките
бре, на познатите!

Џени Маани Тон

Џени ти е „свитхарт“,
ама кутрата нема раат.

По нашки е „снашка“,
ама без домаќинот остана
и од тогаш Анистон се ашка.

„Пријателите“ ја издадоа,
ја издаде брат ѝ, пееше Шемса,
легенда од нашите краишта!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 22.09.2021

Прочитај го оригиналниот текст


arno.mk/?p=6132

19 / ОРИГИНАЛ И ПРОДОЛЖЕНИЕ

Матрикс 4

му ја скрши кичмата на Матрикс 1

БЕРТ СТАЈН



Скоро пишуваме „критика“ на новиот Матрикс 4 врз основа на трејлерот на новиот филм. Уште тогаш нешто не ни штимаше во ова ново продолжение на култната трилогија, но за волја на вистината, пофалби и поплаки за Матрикс се слушаат уште од неговото второ продолжение. Матрикс е толку оригинален и посебен филм, што се чини дека не може (ниту ќе може) да се надмине самиот себеси. Сега, по изгледаното четврто продолжение, донесуваме дефинитивен заклучок – полошо е отколку што мислевме!

Филмот е правен со намера да биде носталгичен (и ги игра сите карти од трите шпила на таа топка), но воедно и да ги задоволи

ФИЛМ ВО ФИЛМ ВО ФИЛМ

апетитите на младата публика и потенцијално да ги навлече на уште една трилогија.

Во „The Matrix Resurrections“ Нео не е програмер (како што би бил нарекуван во 1990-тите), туку е милениумско-хипстерски „дизајнер на игри“ (како што би го нарекле денес) кој направил игра наречена „Матрикс“. Филмот постојано си игра со „метафикцијата“ и рушењето на 4-от ѕид, а самата игра „филм во филм во филм“ или „ВР во ВР во ВР“ се чини дека е искористена безброј пати.

Од оригиналната филозофија на Матрикс не е останато ништо и тоа што останало е урнато и фрлено на буништето на филмската уметност наспроти индустријата. Се чини дека во филмот постојат само два искрени моменти. Првиот е кога шефот на Нео во Матриксот (spoiler alert: агентот Смит во нова инкарнација) му вели дека ќе направат продолжение на трилогијата Матрикс. Причината, како што открива, е за продолжението да не го


ФИЛМ ВО ФИЛМ ВО ФИЛМ

направи компанијата која ги има правата на играта. Она што ни се чини е дека овој момент е всушност исповед на режисерката Вачовски (Lana Wachowski) за нејзината „одлука“ да направи продолжение на Матрикс.

Вториот искрен момент е кога ликот на „Французинот“ (The Merovingian) кој во 4-тиот Матрикс се јавува како бездомник кој за својата несреќа го обвинува Нео и, како коментар на новото време, вели:

„Art, films, books were all better! Originality mattered! You gave us Face-Zucker-suck and Cock-me-climatey-Wiki-piss-and-shit!“

Ние од Арно сосема се согласуваме со оваа констатација и децидно тврдиме дека популарните филмови од 1990-тите беа подобри. Се разбира, филмската уметност во секоја деценија дава извонредни имиња, но кога зборуваме за глобално влијание на филмот не можеме да зборуваме за Парајанов, Киаростами,



ФИЛМ ВО ФИЛМ ВО ФИЛМ

Мизогучи, Ким Ки-Дук или или Џим Џармуш, иако последниот дури и има навлезено во популарната култура.

Сакале да признаеме или не, живееме во англосаксонски глобалистички свет, па и филмовите можеме да ги поделиме на златно-холивудски од 1960-тите, нов Холивуд на 1970-тите, слаткастите 1980-ти, независните 1990-ти, експлозивните (во лоша смисла на зборот) 2000-ти, римејк-на-римејк-на-римејк 2010-тите. Се поставува знак прашање какви ќе бидат 2020-тите. Од се видено до сега се чини дека ништо нема да оди на подобро, но останува да видиме.

> **Гледајте го Матрикс 4, ако заради ништо друго, тогаш заради филмско-историската перспектива.**

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 28.12.2021


Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6460

04

Научна фантастика и технологија

ИДНИНАТА КАКО ОГЛЕДАЛО



СВЕСТ / ТЕХНОЛОГИЈА / СЛОБОДНА ВОЛЈА

20 / ИМПЕРИИ И ДИСТОПИИ

Dune и Foundation

се мегаломански научно-фантастични дела за големи империи, за нас е добар само Stalker!

БЕРТ СТАЈН



Dune, Star Wars, Foundation... дела за галактички империи, борба за власт, „и ти ли Бруте!“ муабети... тоа се теми за кои се заинтересирани поранешните и сегашните империи, со гордо и признаено минато.

И ние имаме гордо минато – ама „што фајде“ кога ниту една од тие признаени земји не ни го признава! По ѓаволите, ако живееш во Македонија и направиш нешто значајно, не само што ќе те повлечат внатре во „Дантеовиот казан“, туку од страна ќе направат се за да докажат дека си нивни, а Македонија не ни постои!

Затоа совршени СФ теми за нас се нуклеарни катастрофи, дистопија во која нема живот над површината заради загадување, зомби-апокалипса и слично.

> **Дистописките дело „Апокалипса.мк“ на Бранко Прља, ни паѓа на ум...**

Големите сцени со хали високи десетици метри, аристократски муабети водени на долги кралски маси помеѓу мајката кралица и синот кој го вежба „гласот“ со кој може да го контролира умот на поданиците се толку далечни за нас. Тие се одлични за англо-саксонската публика која од памтивек цицала од дојката на магиска реалност (Брате Мерлине!) во која еден (The one, Neo) ќе ја смени судбината на светот (галаксијата, универзумот!) со магија(та на умот)!

Ние сме толку заглавени во нашата „жабокречина“ што единствена верна репрезентација на реалноста со поглед кон иднината (а научната фантастика е тоа) за нас би можела да биде „Geek Love“. За тоа станува

збор и во текстот за „Боречки клуб“, апсурдната уметност и домашниот стрип.

Сепак тоа не значи дека не можеме да ја цениме генијалноста на авторите. Френк Херберт е генијалец. Исак Асимов е генијалец со дела во сите каталогизирани области (единствен таков!). Dune и Foundation се долго-чекани филмувани верзии на епски книги со голема уметничка вредност (btw и општо критикуваната верзија на Дејвид Линч има добри елементи и буди спомени од детството за секој над 40-годишен човек).

> **Но, исто така генијалец е и Тарковски и неговиот Сталкер, но на еден многу поинаков, словенски, напатен начин.**

„Една област, позната како „Зона“ е целосно заградена и под строга контрола на полицијата, така што во неа е забранет пристапот... Еден човек, кој штотуку излегол од затвор, живее во сиромашен стан со својата жена и ќерката. Тој е Сталкер, т.е. човек кој веќе бил во зоната и кој знае како сигурно да се дојде во нејзиното централно место. Сталкерот се нафаќа да однесе двајца луѓе, Професорот и Писателот во Зоната.“

> **Исто к’о сцена од нашата реалност/иднина, или некоја СФ верзија на „Буре барут“, нели!**

Ни треба таква научна фантастика за да му покажеме на светот кои сме. Да го прашаме Дејан Дуковски, може ќе се нафати!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 03.11.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6248

21 / МАШИНАТА И СОЗДАТЕЛОТ

Господ од машина

или „Devs“ ex machina?

БРАНКО ПРЉА



Релативно новата научно-фантастична серија Девс (Devs, 2020) е вистинско колаче за умот, се разбира од оние колачиња кои ги јадела Алиса пред да замине во Земјата на чудата!

Дали Devs е всушност Deus, со значење на Господ, ако го читаме по латинската транскрипција? Значењето не е кратенка од „development“, како што рускиот хакер-шпион помисли пред да влезе во машината наречена Devs. Неговиот стереотипен карактер е единствената забелешка, како и пропустот во сигурносниот протокол од страна на тимот на Девс, кој се состои од еден, сеприсутен, човек. Сето тоа се чини како дупка во сценариото, премногу пати видено и, за окото на филмофилите очигледно, интенционално ставено како двигател на дејствието.

Креаторот на Devs, депресивен Тони Старкијански или можеби Илон Масковски карактер, сепак повеќе потсетува на главниот лик од „Малцински извештај“ (Minority Report, 2002), толку длабоко потресен од смртта на сопственото дете што целиот живот, богатството, како и иновацијата на која што работи ја посветува на сопствената загуба и неможноста да ја прифати.

Во серијата се гледаат „сенки“ на генијалниот Вим Вендерс од филмот „До крајот на светот“ (Until the End of the World, 1991), со неговата машина која ги чита соништата и ги води карактерите во амбисот на нивните души. Соништата не треба да се остварат, зашто најчесто се кошмари!

СИМУЛАЦИЈА ИЛИ КРЕАЦИЈА?

Мрачната атмосфера, со речиси Линчијанско чувство на тивок и бавен ужас, го вовлекува гледателот во еден свет во кој меланхоличните карактери го туркаат дејството во речиси сигурна пропаст.

Машината околу која се врти дејствието, иако потсетува на Коцката од филмот Cube (1997), но колку и таа коцка да ни се чини непредвидлива и комплексна, нештата кои треба да ги произведе Devs се бесконечно многу пати покомплексни. Впрочем, се работи за квантен компјутер кој има моќ да го симулира универзумот. Или целта воопшто не е симулација, туку креација? Дали човекот си поигрува господ и нужно ќе плати за тоа?

„Deus ex machina“ е сосема соодветен термин за објаснување на серијава. Прво, се работи за машина која има улога на синтетички господ, а второ, изобилството на непредвидливи и ненадејни моменти како двигатели на дејството сосема одговара на целата дефиниција на терминот.

Devs не поттикнува на размислување за моќта на технологијата, која преку тоа што ни помага да станеме повеќе од тоа што можеме, нè спојува и воедно нè оддалечува од нашата човечност. Истовременото постоење на двата пола на спектарот се чини како единствено соодветно квантно решение за серија посветена на квантните компјутери. Дали е тоа така и кои други мисловни и уметнички предизвици носи серијава, останува да процените сами.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 18.01.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=4975

22 / СВЕСТА КАКО ПОДАТОК

Аплоадирање на свеста

во серијата „Upload“ како вештачки рај или пекол? Зависи колку ви е дебел (крипто) паричникот!

АРНО.МК



Серијата “Upload” е интересна додавка во универзумот на популарната научно-фантастична уметност. И покрај на моменти аматерската глума и вештачкиот хумор, таа поставува важни прашања. Не толку од аспект на технологијата и футуризмот, колку суштински егзистенцијални и социјални прашања.

Серијата зборува за социјалните неправди кои постојат дури и во дигиталната верзија на живот по смртта. Таму прозорците не се од мармалад(о), а куќите од чоколадо, туку книгите имаат само неколку страници, а потоа се празни. Ако сакаш да прочиташ

уште, мораш да платиш, т.е. твоите живи роднини да уплатат за тебе. Каква мизерна егзистенција!

Се разбира, како во животот така и во дигиталната смрт, богатите лудо се забавуваат додека сиромашните се замрзнати (токму како закочено видео од интернет) додека не платат. Тие живеат на пониските нивоа и имаат само 2 GB трансфер на податоци месечно кој го трошат само со процесот на размислување.


Но, за тие кои се поснаодливи постои „сивата зона“ каде дигиталните хакери продаваат аватари, ботови, забранети задоволства, вештачки рај, украдени податоци, лажни дигитални лични карти, сеќавања на познатите (Celebrity Memories) – се додека плаќаш во крипто-пари!

Темата на продолжен живот во дигитална форма не е непозната во научната фантастика. Се работи за екстензија на човековата желба за бесмртност, позната уште од најраното познато литературно дело во историјата, Епот за Гилгамеш. Кога зборуваме за користење на технологијата како средство за

постигнување на истото, наместо пат во подземниот свет или завои за мумиите, во модерната литература за прв пат се јавува во 1930 година во делото “The Infinite Brain” од John Scott Campbell, приказна во која вештачки мозок ја реплицира личноста.

Други интересни дела вредни за споменување се “Intelligence Undying” на Edmond Hamilton од 1936 и “Izzard and the Membrane” на Walter M. Miller, Jr. од 1951 за човечкиот ум реплициран во машина или за снимка и реставрација на умот како во “The Altered Ego” на Jerry Sohl од 1954. Великанот на научната фантастика Исак Асимов во “The Last Question” од 1956 година споменува „аплоадирање“ мозок. Токму за тој термин зборува серијата Upload.

Се разбира, оваа тема не е неистражена во помодерните филмови и серии, како во филмовите Transcendence (2014), CHAPPiE (2015), во сериите Westworld (2016), Altered Carbon (2018) или на малку поинаков начин во серијата The Good Place (2016) итн.



ПЕКОЛОТ НА ДИГИТАЛНИОТ РАЈ

Во серијата “Upload” дигиталниот рај може да биде пекол, а во вистинскиот свет состојбата не е подобра. Средната класа се храни со 3Д принтана храна, се додека имаат пари да купат тонери, но ако немаат пари тогаш и најдобриот рецепт од Џејми Оливер има вкус на хартија.

Се чини дека вистинската вредност на оваа серија е во истакнување на неправдите во модерниот свет, каде што 1% од популацијата поседува повеќе отколку останатите 99%, а четвртина од светското население живее во услови на екстремна сиромаштија. Се уште чекаме да се појави некој дигитален Робин Худ кој би распоредил дел од тоа богатство на сиромашните, па дури и тогаш богатите би останале богати. На здравје вештачката храна!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 20.01.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=4979

23 / ОД КИБЕР-ПАНК ДО БИЗНИС

Како најголемиот капиталист Фејсбук

стана кибер-панкерски Метаверс

БРАНКО ПРЉА



Кон средината на 1990-тите младината во Македонија „киснеше“ по интернет кафеа да сурфа и игра игри, бидејќи ретко кој имаше интернет дома. Понекогаш тие места ги викаа кибер-кафеа или кибер-простор, според делата на Вилијам Гибсон, еден од најважните кибер-панк автори. Гибсон самиот признаваше дека не е технолошки тип (techie) и дека романите во кои опишува дистописка трансхуманистичка иднина ги напишал на машина за чукање.

Гибсон ги напиша неговите најдобри дела во 1980-тите, а ние поради неговата слава и авторите како Брус Стрерлинг или аниме филмовите како Акира (и неговиот наследник Матрикс) некако ги пропуштивме делата на Нил Стивенсон (Neal Stephenson), како „Snow Crash“ во кој тој го спомнува терминот „Metaverse“. Метаверс е кибер-простор познат од сите дела од жанрот, од New Rose Hotel на Гибсон (и мини-серијата според делото), преку Матрикс, но што е по ѓаволите Метаверс на Фејсбук?

Мета е новото име на компанијата Фејсбук (апликацијата ќе остане со истото име). Метаверс е совршен производ за денешното пандемиско време и, како што вели Зукенберг, во духот на некој мистичен гуру кој нуди астрално патување во центарот на вселената со помош на медитација или на некои сомнителни психоактивни супстанци:

> **Најдобар начин да разбереш што е метаверс е да го искусиш!**

КИБЕР-ПРОСТОРОТ И ПРОФИТОТ

Проблемот е што Метаверс е во бета фаза и не е комплетен, но ќе може да се користи за комуникација, муабет, учење, играње, купување, креирање содржини – според Марк – за се што ќе посакате. Тоа е малку сомнителна изјава, но да ја прифатиме за сега.

Во оваа фаза Метаверс не се разликува многу од почетните анимации на виртуелна реалност од 1990-тите години што е по малку разочарувачки. Во еден споделен виртуален друштвен простор се среќаваат аватари и заедно учествуваат во еден нов „отелотворен“ интернет.

> **Тука Зукенберг навистина почнува да звучи како гуру или водач на секта.**

Идејата се разбира не е нова, не само во научната фантастика, туку и практично, особено во светот на игрите како Second Life или виртуелните концерти на Fortnite, додека Minecraft или Roblox се веќе сами по себе виртуелни простори. Она што сака да го постигне Мета практично, барем така ни се чини нам, е да создаде алатка за бизнис корисници и за едукација која ќе се засновува на далечинска интеракција преку аватари во еден заеднички виртуелен простор со ВР очила, наместо пред екрани. Други намени би биле рекреација, спорт, натпревар, концерти и настани во живо итн.

Дополнителни извори за темата се наведени во оригиналниот текст на Арно.мк.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 09.11.2021

Прочитај го оригиналниот текст


arno.mk/?p=6280

24 / ВРЕМЕ И БИРОКРАТИЈА

„Локи“

нова серија од Марвел, вистинска „американа“ со кафкијански елементи

БЕРТ СТАЈН



Новата серија „Локи“ е визуелно возбудлива, интересна приказна која воведува нови елементи во универзумот на „Марвел“. Сепак, нема да зборуваме за заплетот и воведувањето на „Чуварите на текот на времето“, туку за ретро елементите во визуелниот стил и двигателите на дејствието.

Се чини дека Марвел почна да експериментира со таа идеја во Ванда Вижн (WandaVision), иако дејствието таму се случува во различни декади од 1950-тите до раните 2000-ти во САД и ја презема естетиката од нив, заедно со „омажот“ на омилените американски серии од тие периоди.


ЛАВИРИНТИТЕ НА БИРОКРАТИЈАТА

Од нашите СФ писатели оваа идеја е присутна кај Бранко Прља во неговото дело „Реплика.мк“ (2018). Авторот се поигрува со различните временски рамки и периоди во приказната, на пр. раната транзиција од 1990-ти во Скопје и (Реплицирана) Македонија и го сместува главниот лик во кафкијанските лавиринти на бирократијата од тоа време. Тој е андроид-супервизор, чија улога е да наоѓа „багови“ во системот, но во духот на Blade Runner, на крајот дознава дека тој самиот ќе доведе до рушење (ресетирање) на системот.

На неговиот пат тој ќе се сретне со Градителите на неговиот универзум, кодери кои ги обликувале репликантите според нивниот лик и автори на „надпрограмот“. Главниот лик е збунет и од нивната анахроност, од нивните „комуњарски“ канцеларии со ентериер „од седумдесеттите со дрвени фотељи тапацирани со евтин и веќе излижан материјал, една клуб-масичка со расклатени нозе и задолжителните фикуси и други растенија распоредени во големи саксии по крај ѕидовите.“ Авторот понатаму раскажува:

ЛАВИРИНТИТЕ НА БИРОКРАТИЈАТА

„Градителите тука ја кроеја реалноста каква што ја познаваме. (...) Се наоѓавме во просторија не поголема од три на пет метри, обложена со ламперија по ѕидовите покрај кои имаше неколку шкафови. На предната страна имаше мал телевизор и на него одеа вести, а централниот дел од просторијата го зафаќаше една голема маса на која беа расфрлани хартии, класери, неколку мапи и карти. Над масата стоеше еден човек, а друг седеше на странична импровизирана масичка над машина за чукање. Не знаев дали некој си поигрува со мене или сонувам, но сцената на која присуствував беше далеку од сите мои очекувања. (...) Двајцата луѓе во години со побелени бради ме набљудуваа. Бев во недоумица дали да се претставам или да ги чекам да проговорат нешто. И двајцата беа прилично загоени и имаа по малку запуштен изглед. Од некаде се слушна звук на пуштање вода и набрзо вратата повторно се отвори и влезе уште еден постар човек, сличен на другите двајца, но поситен и позаоблен и, за



моја среќа, малку повесел и зборлест. „Е, момче, стигна,“ рече срдечно, се насмевна и ми пружи рака. „Јас сум Градителот.“

Се разбира, користењето на ваква естетика во филмот или двигатели на дејствие кога станува збор за литературата не е ново, од „Процес“ на Кафка, преку филмот „Бразил“ на „петтиот монтипајтоновец“ Тери Гилијам како пример, но тоа е веќе друга тема.

Оваа сцена од нашата „Транзицијана“ неодоливо потсеќа на многуте сцени од „Американа“ од 1950-тите во кои ќе се најде Локи во новата серија која по само една епизода изгледа ветувачки. Дали ќе ја повтори инвентивноста, референците кон популарната култура и необичноста на „Ванда Вижн“, останува да видиме.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 14.06.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5735

25 / ПАРАЛЕЛНИ СВЕТОВИ

Сличности помеѓу серијата „Локи“

на Марвел и делото „Атом и Ева“ на Бранко Прља

ИСАК СИМА



„Атом и Ева“ на Бранко Прља е експериментален роман објавен во 2012 година. „Локи“ е серија на Марвел од 2021 година.

Во романот „Атом и Ева“ се раскажува за авантурите на главните ликови Адам и Ева кои патуваат низ историјата за да го заштитат атомистичкиот светоглед од времето на Античка Грција како столб на материјалистичкото гледиште на Западниот свет. Тие двајца, по потекло од Едемската градина, во центарот на Светот на идеите, се испратени од нивниот господар, Господ Вакуум, да го поробат нашиот свет (кој е материјализирана верзија на светот на идеите) и да ја сочуваат материјалистичко-консумеристичката догма.

ИДЕИТЕ И НИВНИТЕ ГОСПОДАРИ

Во серијата „Локи“ чуварите на времето работат на спречување на варијациите во предетерминистичкиот тек на времето, контролирани од „човекот зад завесата“, со цел контрола на слободната волја и воведување неприроден ред во универзумот (поточно мултиуниверзумите) кој/и природно тежнеат кон хаосот.

Кои се паралелите помеѓу „Локи“ и „Атом и Ева“?

Господ Вакуум кој живее во светот на идеите е „човекот зад завесата“, креаторот и контролорот на материјалниот поредок во светот. Во „Локи“ Тој којшто останува (He Who Remains) е создавач на чуварите на времето, и на TVA (Time Variance Authority), место од каде се контролираат опасните варијации на времето. Овој свет исполнет со артефакти од ретро-американа од 1950-тите, има сличности со Едемската градина од Светот на идеите на Господ Вакуум кој е типичен балкански тип во подмаица кој верува дека е господ и неговата сопруга, турбо-фолк пејачка со напумпани усни и гради. Американа и Балканијада! Двата „сетинзи“ се своевидна пародија на она што би требало да биде центарот за воведување ред во светот, времето и се она што постои.


Локи е оној кој го нарушува поредокот, тој кој сака да ги ослободи луѓето и да им даде слобода на умот и на мислите, наспроти

ИДЕИТЕ И НИВНИТЕ ГОСПОДАРИ

контролата која сакаат да ја наметнат чуварите на времето. Во „Атом и Ева“ истата улога ја има инспекторот Дик Трејсиќ, кој се обидува да ја наруши атомистичката материјалистичка догма која ја наметнува Господ Вакуум врз луѓето.

Атом и Ева се агентите на контролата, како временските полицајци во серијата Локи, кои се обидуваат да го сочуваат редот во времето, преку временските порти и патот низ времето, каде ги отстрануваат варијациите. Атом и Ева патуваат низ историјата и ги посетуваат сите значајни филозофи, научници, експериментатори и теоретичари кои придонеле за развивањето на идејата на атомизмот и ја играат улогата на нивните „музи“, т.е. им ги шепкаат материјалистичките вистини во „увце“. Така им помагаат да ја развијат нивната наука и технологијата која го следи чекорот, преку индустриската револуција, до моќта на атомот, тие се носители на материјалистичката, капиталистичка и консумеристичка парадигма.

> **Господ Вакуум е тој кој го праќа динамичното дуо на оваа историска мисија, зашто тој е Богот на предметите и празните вредности. Од истата причина (контрола) и „He Who Remains“ ги создава и праќа на мисија чуварите на времето.**



ИДЕИТЕ И НИВНИТЕ ГОСПОДАРИ

Мотивите, сепак, се различни, иако во Локи не е сосема јасен мотивот на господарот на светот (кој е подеднакво парадоксален и разочарувачки како и Господ Вакуум или секој друг типичен „човек зад завесата“), мотивот на Господ Вакуум е јасен – профит од евтини копии на предметите од светот на идеите во нашиот свет!

Тоа произлегува од тезата на „Атом и Ева“, дело кое авторот го нарекува „едукативна проза“ (од него ќе научите за историјата на атомизмот, од Демокрит до Радерфорд), дека „реалниот“ свет воопшто не е реален, туку е само искривена проекција на светот на идеите. Тој е контролиран од Господ Вакуум во кој луѓето се потчинети на овој суров господар со една цел – да произведуваат евтини производи со сомнителен квалитет кои не се дозволени во светот на идеите.

А „Локи“? Останува да видиме во втората сезона!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 21.07.2021

Прочитај го оригиналниот текст


arno.mk/?p=5931

26 / ЧОВЕК И ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

Роботите како слуги или владетели?

Кон делото „Реплика.мк“ на Бранко Прља

ИСАК СИМА



Веќе пишувавме за делото „Апокалипса.мк“ на авторот Бранко Прља. Споменавме дека делата на Бранко се делат на т.н. циклуси, најчесто трилогии од дела, па така и ова е прво од трите негови „дистописки“ или „научно-фантастични“ дела. Од причини кои ќе ви станат јасни понатаму, прво ќе започнеме со анализа на третото дело.

Романот Реплика.мк се занимава со темата на вештачка интелигенција, во едни одграничени и затворени услови и затоа можеме да кажеме дека се работи за дистописки роман, иако е воедно и еден научно-фантастичен роман за вештачката интелигенција. Сепак, не очекувајте да читате за летечки автомобили и напредни роботи зашто се работи за т.н. „лоуфај“ научна-фантастика каков што писателот Вилијам Гибсон го дефинираше неговиот стил на пишување, иако создаде еден сосема автентичен кибер-панк жанр во научно-фантастичната литература.

ПРОГРАМА ИЛИ СЛОБОДЕН ИЗБОР?

Вештачката интелигенција, како и дистопијата е интересна тематика во историјата на уметноста. Еден од првите примери на вештачка интелигенција во литературата е речиси пред 100 години во драмата на Карел Чапек наречена Р.У.Р. (Росумови Универзални Роботи), каде што за прв пат е искористен терминот „робот.“ Етимологијата е секако од чешкиот збор „робота“, што значи „принудна работа.“

Од самото значење на зборот е јасно зошто првите дела во оваа област од научната-фантастика се занимавале со етичноста на замената на човековото работење со роботи, како во филмот Master of the World (1934), или новелата With Folded Hands (1947) каде што раса на хуманоидни роботи му служат на човекот, но ја преземаат контролата врз секој аспект од неговиот живот.

Модерните теоретичари, инжењери, научници и истражувачи предупредуваат на опасноста од вештачката интелигенција, а помеѓу нив е можеби најпознат Илон Маск. Сепак ова не е нова тема и е присутна во уметноста поврзана со вештачката интелигенција уште од почетоците. Се работи за т.н. Франкејнштајн комплекс во кој „роботот“ се свртува против својот создател.


Филмот Metropolis (1927) повторно предничи и во овој жанр, како и во дистописките, иако критичарите ја нарекувале неговата приказна премногу едноставна и наивна (вклучително и големиот H. G. Wells). Заедно со Master of the World кој веќе го споменавме, овие се рани примери на научно-фантастичниот со тематика за вештачката интелигенција кој произлегол од Европа.

ПРОГРАМА ИЛИ СЛОБОДЕН ИЗБОР?

The Day the Earth Stood Still (1951, 2008) ја означува американската доминација на филмови од овој жанр кои се бројни. Тука се вбројуваат класиците како Blade Runner и Blade Runner 2049, RoboCop, The Terminator, The Matrix, I, Robot, Total Recall, A.I. Artificial Intelligence или помодерните и понеобични Chappie, Ex Machina, Automata или Her. Листата е долга и секако нема да ги наброиме сите филмови, овие наслови можат да послужат како прелиминарна листа за истражување на жанрот.

Денес се соочуваме со нови предизвици кои можеби ни научната фантастика не можела да ги предвиди. Вештачката интелигенција денес работи за Амазон, а во слободно време компонира музика. Првиот роман напишан од В.И. е веќе реалност и иако не е совршен, зборува за потенцијалот на оваа технологија која веќе вешто пишува статии и вести. Иднината е на повидок.

Во делото на Бранко Прља, на сличен начин како во многу класични дела од жанрот научна фантастика со тематика за вештачка интелигенција, роботите се однесуваат како луѓе, живеат во Реплицирана Македонија и всушност голем дел од нив не се свесни дека се роботи. Се разбира еден дел, тие кои се задолжени за контрола на системот, знаат што се и се обидуваат да живеат со тоа сознание како што знаат и умеат. Нивните дилеми и секојдневни превирања се многу слични на нашите, тие му служат на еден систем, но водат внатрешна борба во која не можат да решат дали се само програмирани или имаат слобода на избор. Што е уште полошо, не се сигурни дали слободата на избор е само програмирана во нив.



ПРОГРАМА ИЛИ СЛОБОДЕН ИЗБОР?

Во една таква состојба го наоѓаме главниот лик кој се обидува да му даде смисол на сопствениот живот и на тој пат открива група луѓе кои живеат скриено во рудникот Алшар, користејќи ја енергијата на мистичниот минерал Лорандит, и планираат да ја вратат власта на луѓето на земјата. Но, во тоа ќе им треба помошта на андроидот со добро срце (како што го дефинира самиот автор).

Дали нивната револуција ќе успее останува да дознаете од самото дело со непредвидлив крај кој отвора една сосема нова диманзија и нè води во сферата на интерактивна литература со повеќе краеви или потенцијално отвора нови дејствија. Ова според мое сознание е прво такво дело во македонската литература, а воедно и прво дело со вештачка интелигенција како примарна тема. Барем така се рекламира самото.

Делото се случува во 2099 година, а опфаќа еден период од 2050-тите до крајот на 21 век, додека првото дело се случуваше од 2021 до 2043 година. Што се случило во периодот кој недостасува и како тој ги поврзува двете навидум неповрзани приказни?

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 06.12.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6405

05

Град, активизам и независна култура

ОД ЛИЧЕН ГЛАС ДО ЗАЕДНИЧКИ ПРОСТОР



ГРАД / ДОВЕРБА / НЕЗАВИСНА КУЛТУРА

АРНО.МК / 2021

27 / САТИРАТА КАКО ДИЈАГНОЗА

Науката потврдува:

градот Скопје смрди – од под мишки!

БРАНКО ПРЉА



К-15 во една сосема монтипајтоновска атмосфера на сериозна емисија во која дискутираат еминентни стручњаци (доктор Тошо Малерот и професор доцент доктор Паника Миле) се потсмеваат со реалноста на еден „смрдлив град“.

Не се работи за нов скеч, туку за првата епизода од К-15 емитувана на 23 Ноември 1994 година, значи пред (речиси) точно 27 години!

Легендарниот Цацко Конопишки (иако во оваа рана инкарнација тој е сериозен водител со литературен говор) започнува со констатацијата дека:

> **„Во последно време се поголем број стручњаци се занимаваат со потеклото на смрдеата во нашиот град.“**

и го завршува воведот со заклучок:

> **„Констатацијата е дека градот Скопје смрди од под мишки!“**

Градот Скопје смрди и смрдел и во 1994-та, што од под мишки на „граѓаните“, што од загадување, и К-15 како единствени сериозни сатиричари на овие простори го потврдуваат тоа.

Вреди да се изгледаат повторно епизодите на К-15 кои подоцна од монтипајтоновци по малку станаа народњаци, но тоа е цената на славата и успехот на балканот. Едно е сигурно, а тоа се гледа од нивните скечеви, како во наведениот пример – ништо не е сменето

во нашиот град и држава во изминативе три децении – истите проблеми, единствено тие станаа поголеми и потешки за менување.

> **Во време на приватни летови во вселената, кога вештачката интелигенција е дел од секојдневието, се лансираат телескопи (James Webb Space Telescope) кои потенцијално ќе откријат живот на други планети – кај нас се уште се дебатира за потеклото на загадениот воздух, печките на дрва ли се, индустријата ли е, мишките ли се... никој не знае!**

Се разбира постојат и добри иницијативи, и тие претежно потекнуваат од граѓани (на кои не им смрдат, а можеби и им смрдат мишките – нема објактивно мерливи податоци за тоа) кои со нивните граѓански (не НВО, туку независни) акции ги чистат улиците, садат дрвја, протестираат за воздухот, се собираат во ФБ групи и ја шират свеста за едно подобро, поеколошко, поцивилизирано живеење.

Од државата (кој и да ја води) веќе одамна се откажавме. Се разбира некои работи функционираат, не е исто да се разболиш во Америка и тука, и без државата би била анархија, но би сакале многу повеќе, зашто по малку ни е смачено од – како што би кажале американците „мечкин“ минимум („bare“ minimum). Се разбира, се шегуваме за мечките, но ако продолжиме вака и тие ќе заминат од Македонија во потрага по подобар живот!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 03.11.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6271

28 / ЛИЧНО И ЕКОЛОШКО

Издиши-вдиши, лапни-голтни:

„угоре високо, удолу длабоко!“ (Извадок од дневник на еден еко-активист)

ЕКО ГОРИЛОВ



Под уличните светилки навечер веќе може да се „види“ воздухот. Тоа, не паѓањето на лисјата или заминувањето на птиците преселници, е првиот предвесник на есента и на неминовното загадување. Што дишеме, јадеме, пиеме никој не се прашува, никој не го прашува обичниот безнадежен „граѓанин“.

Пред некој ден син ми си купи сладолед и се намршти кога го касна. Ми даде да го пробам и го осетив добропознатиот вкус кој дома го нарекуваме „прашок“, амалгам од конзерванси кои започнуваат со „Е“, а завршуваат со „бате“. Иако сум воспитан никогаш да не фрлам храна, му кажав да го фрли сладоледот.

Малиот отсекогаш бил проблематичен „јадач“ и му пречеле секакви бои и вкусови, па сме го карале да јаде повеќе, но во

ИЗВАДОК ОД ДНЕВНИКОТ

случајов тоа е негова предност. Но, што е со другите деца кои и не се толку пребирливи јадачи. Се полнат со секакви хемикалии и уживаат во тоа. Ако му дадеш бонбонче на дете, тоа ќе го изеде! Одговорноста е на увозниците, продавачите, инспекторите и Агенцијата за храна. Се разбира, тие понекогаш си ја вршат работата добро, но тоа е најчесто следење на санкциите во ЕУ или во соседните држави.

Она што не е добро е да се остави проценката на квалитетот на храната на индивидуите, кои сами треба по вкус, мирис, или најдобриот показател – цена! – да одредат што е добро, а што не за нив. Во една земја во која стандардот и квалитетот на живот е низок, тоа е погубно. Ни треба подобар модел.

Понеделник, 20.09.2021

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 20.09.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6118

29 / СТРАВОТ ЗАД ЃУБРЕТО

Отпадот ги плаши граѓаните на Македонија,

ама не заради тоа што мислите

БРАНКО ПРЉА



Покренавме проект наречен „Туристички водич низ депониите на Македонија“, каде на сатиричен начин му пристапуваме на проблемот со неправилно фрлениот отпад во нашата земја.

Нашиот фокус го посветивме на депонијата на влезот од населбата Драчево (едната од многуте, да бидеме искрени). Во нашата комуникација со луѓето наидовме на различни реакции, од поддршка, до игнорирање на проблемот, преку молк. Оттогаш, преку нашите еколошки групи кои бројат илјадници членови, упативме јавен повик да ни праќаат фотографии и снимки на депонии кои би ги вклучиле во нашиот водич.

ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ

Очекувавме дека материјалите ќе пристигнуваат во изобилие, бидејќи во нашите и други еко-ФБ групи се соочуваме со такви појави секојдневно. Она што го добивме од малкуте луѓе беа шокантни слики и видеа на пејзажи кои, со нивните зборови, наликуваат на Африка. Откако им ветивме дека ќе преземеме се за да се реши проблемот, тие не замолија да останат анонимни и да не ги споменуваме во текстовите затоа што се плашат дека ќе имаат проблем со „дивјаците кои го фрлаат ѓубрето," и со тие кои ги заштитуваат.

> **Живееме во една навистина чудна земја каде ѓубрето е позаштитено од народот.**

Од вас зависи дали ќе го разберете горното буквално или двосмислено. Но, секогаш кога зборуваме за начините на кои се справуваме со отпадот се соочуваме со две сигурни работи: 1) Ѓубрето е насекаде 2) Ѓубрето го штитат институциите и одредени сомнителни индивидуалци кои профитираат од него.

> **Ако сте како нас, и телефонот ви е преполн со слики од ѓубре, ако наместо посета на и радост од преубавата природа која ја има оваа земја гледате само депонии, тогаш ќе разберете.**

ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ

Ако сте разговарале со луѓе кои живеат покрај диви депонии, ќе знаете дека некои од нив се обиделе да се спротистават и ќе знаете како завршиле. Многу од нив добиле закани, зашто силеџиството е дифолт начин на функционирање во нашата средина – опстанок на посилниот!

Ако сте се обиделе лично да се борите на цивилизиран начин – да ја известите општината или градот, сте начекале молк. Инспекторатот за животна средина барем одговара на прашањата, ама секогаш коментира дека „не е во нивна моќ“, како да се работи за некое безлично тело без сила за каква било акција. Замислете да се однесуваа така инспекторите кои во времињата пред пандемијата ги затвораа кафулињата зашто не издаваат сметки или казнуваа бизниси за многу помали прекршоци.

Целата ситуација со отпадот е очајна, безнадежна и, ако добро размислите, прилично страшна. Се увезува се и сешто, се фрла секаде кај се стигне, се грди природата, се загадува, луѓето страдаат и никому ништо. Сме пишувале новинарски текстови, сме апелирале кон институции, сме се изложиле на опасност и за што? За ништо.



ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ

> **Затоа загадувањето е опасно, но поопасни се луѓето кои профитираат од него.**

Заклучок? Нема. Дали треба да се откажеме од нашиот водич или од борбата за почиста и за поздрава средина? Со зборовите на мудриот Сајфер (Cypher) од филмот „Матрикс“ (1999), “Ignorance is Bliss”:

> **Незнаењето е благослов!**

Но, како и секој добар „филм“, и овој има „plot-twist“ — лекција за сите нас: на 9 април 2021 година „Сакам да кажам“ извести за почетокот на судската постапка за струшката депонија, по тужба на Македонското здружение на млади правници против Министерството за животна средина, Општина Струга и комуналното претпријатие.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 09.04.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5370

30 / ДОВЕРБА И ПОВТОРНА УПОТРЕБА

10 причини

зошто домашната група „Дај, не фрлај“ не е дел од светскиот „Buy Nothing Project“

ИСАК СИМА



Групата „Дај, не фрлај,“ постои од 2016 година и има речиси 50.000 членови. Основната цел е намалување на консумеризмот, да не се купува кога не мора, искористените работи да се подаруваат ако се во добра состојба и, најбитно, да се гради доверба помеѓу луѓето.

Оние кои не се запознаени со групата може да ја посетат, да се зачленат и да станат дел од едно интересно движење кое има поширок импликации од едноставното подарување нешта, а меѓу другото и еколошка порака на повторна употреба и заштита на околината.

Неодамна на администе на групата им беше посочено дека таа е слична со едно друго светско движење, т.н. Buy Nothing Project.

РАЗЛИКИТЕ КАКО ВРЕДНОСТ

Според авторот на „Дај, не фрлај“, Бранко Прља, таа се разликува од Buy Nothing Project поради следниве нешта.

1) Buy Nothing Project не се залага против консумеризмот сам по себе, додека „Дај, не фрлај“ е отворена како критика на консумеризмот.

2) Buy Nothing Project групите се сите менаџирани според еден сет од правила, со униформност на светско ниво, додека „Дај не фрлај“ има сопствени правила и манифест и не се води според нивните.

3) Buy Nothing Project имаат одреден број волонтери кои работат на мисијата, додека нашата група не ги смета членовите за волонтери, туку го препушта водството на групата на сите членови, а администе интервенираат „зад хауба“ по потреба.

РАЗЛИКИТЕ КАКО ВРЕДНОСТ

4) Тој што подарува преку Buy Nothing Project може да влече имиња од шапка, или да подари на личност која ќе постира најсимпатична фотка на нивното миленичe или ќе напише најсмешна шега. Според Бранко Прља, ова не е валиден начин на селекција и во групата „Дај не фрлај“ се остава на членовите сами, без притисок од групата и индивидуално да решат на кого ќе подарат.

5) „Нивната филозофија на фрагментарност е слична со она што го предлагав јас, да се направат што повеќе локални групи, секој град да има своја група – но не успеавме во тоа. Групите по градови постојат, но имаат помало влијание. Ние сме централизирани, тие не се,“ дополнува Бранко Прља. Во Buy Nothing Project, кога една група ќе стане голема, повеќе од 1.000 членови, таа се фрагментира во помали групи.

6) Buy Nothing Project дозволува подарување на храна, „Дај, не фрлај“ е строго против подарување на нешта кои имаат рок, а тука спаѓаат и лекови, козметички препарати итн.

7) Во Buy Nothing Project многу почесто се позајмува, отколку што се подарува и исто така почесто се водени од симпатични и креативни идеи (пр: „Позајмете ми вага да го измерам патлиџанот кој сам го одгледав“).



РАЗЛИКИТЕ КАКО ВРЕДНОСТ

8) „Мислам дека основната разлика е тоа дека нашето движење потекнува од сиромашна земја, како и од поранешна социјалистичка земја, и со тоа имаме различен светоглед," додава Бранко Прља. Тие велат дека целта им е: „Градење на заедница, не ослободување од предмети", додека целта на „Дај, не фрлај" е „градење на доверба, зашто таа е малку присутна во една земја како нашата, за разлика од високоразвиените земји кои веруваат во способноста на државата да ги заштити и дека нивниот сограѓанин не им мисли лошо."

9) Според Бранко Прља Buy Nothing Project „се сфаќаат себеси премногу сериозно, за нив пишуваат во The Guardian, имаат издадено книга и се однесуваат како да го измислиле терминот gift economy. Идејата постои уште од 1960-тите години и ниту ние, ниту тие не сме измислиле ништо ново."

10) За крај, и покрај разликите, можеме да се согласиме – ако функционира и носи среќа, задоволство и добри вредности, не е битно како се вика!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 22.01.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=4984

31 / БОРБА СО ВЕТЕРНИЦИ

Арно.мк се грижи за подобра иднина,

а одговорот на општеството е — гајле ни е!

АРНО.МК



Арно слави 2 години и продолжува да биде (анти)портал поинаков од другите. Во изминативе две години пишувавме за теми кои сметаме дека се значајни за развојот на нашето општество, но нужно не се “clickbait”.

Сметаме дека без грижата за науката, технологијата, образованието, уметноста и екологијата нема здраво општество и затоа посветивме многу време и внимание на овие теми.

Засега сме непрофитабилни и освен пријателската помош со компјутер која ја добивме од SwissShop, фирма за половни компјутери увезени од Швајцарија, не сме добиле поддршка од никого.

Тимот на Арно, освен истоимениот портал, на општеството му подари групи и проекти како:

ПОДДРШКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА

„Дај, не фрлај“, платформа за споделување предмети, продолжена употреба, реупотреба и заштита на околината со 50.000 членови

„Не фрлај, не загадувај“ еколошка група каде се бориме за документација на депонии и прописно фрлање отпад.

„Еколошко, евтино, ефикасно“ и „Кеса, не благодарам. Торба си носам“ еко-групи кои се залагаат за намалување на употреба на пластиката и штетните материјали и нивна замена со еколошки и органски.

Со групите како „И јас одам со велосипед на работа“ и „Наставници за онлајн настава“ се грижиме за подобра иднина.

Го направивме единствениот специјализиран агрегатор за вести од науката во Македонија science.mk.

Подаривме интересни едукативни и бесплатни книгички како: „25 факти за аерозагадувањето и начини како можеш да го намалиш“ „Мустаќлии кои го сменила светот“

Досега немавме успех во тоа да обезбедиме поддршка за нашите активности, се што работиме е на волонтерска база, а не дека не сме се обиделе.

ПОДДРШКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА

На нашите анкети за рециклирање упатени кон 10-тина компании за рециклирање добивме одговор само од една.


На нашите писма за донирање садници кон „Паркови и зеленила“ кои би ги засадиле самите, преку групата „Не фрлај, не загадувај“ не добивме никаков одговор.

На нашата молба кон Анхоч за донација на дрон за да можеме да снимиме депонии за потребите на групата „Не фрлај, не загадувај“ бевме игнорирани.

Преку „Дај, не фрлај“ апелиравме кон приватни компании да подаруваат преку групата и да ги наградуваат членовите, никој не се пријави.

Апелиравме кон големите агрегатори како daily.mk и vesti.mk да не стават на листа на нивните вести од наука, иако сме мал портал со мала публика, но зборуваме за значајни и запоставени теми, но никој не ни одговори. Колку за илустрација, grid.mk нè поддржува уште од самиот почеток.

Како возврат за сите тие активности на сите тие компании им понудивме бесплатна реклама на нашиот портал и на нашите социјални медиуми со публика од 50.000+ членови, но не беа заинтересирани.



ПОДДРШКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА

Всушност, и зошто би биле? Во нашата држава на се што подразбира алтруизам, герила-активизам, неформално организирање на граѓани, иако истите се борат за заедничкиот воздух кој го дишеме или за идната на сите нас, се гледа со потсмев и игнорирање.

Можеби се работи за наш неуспех, но сето ова зборува за несензитивноста на општествените и приватните компании за општествено важните прашања.

Сето ова може да послужи како одговор на прашањето: зошто сме на врвот на светските листи по најлоши нешта (загадување, образование итн.), а секогаш последни по најдобри нешта – едноставно не се грижиме!

> **Нека ни е среќна двегодишнината, и за многу години борба со ветерници!**

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 04.02.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=5058

32 / КУЛТУРАТА НА МАРГИНИТЕ

Маргина и The Marginalian

за местото на културата во модерниот свет

БЕРТ СТАЈН



Во светот на популарните медиуми постоеше едно интимно место посветено на необичното во литературата наречено Brain Pickings. Од скоро овој сајт на бугарката Марија Попова која живее и работи во САД беше преименуван во The Marginalian.

Во алтернативната култура во Македонија од 1990-тите постоеше едно списание наречено „Маргина“, интелектуално искуство самопрогласено како „Сурфање по маргините“. Маргина беше пандан на екс-Југословенските „Зарез“ и „Кворум“, списание достојно за секој љубител на чудните раскази, стрипови, идеи и движења во уметноста и теоријата на истата.

Маргина уште постои, излегувајќи еднаш годишно повеќе по инерција, отколку да биде некаква движечка сила на алтернативната култура во Македонија. Можно е и „списанието“ (т.е. некој остаток од духот кој некогаш го водеше, наречен Коља) дека се откажа или сфати дека такво нешто како алтернативна

култура (или каква и да е друга!) во Македонија едноставно веќе не постои.

Но, затоа постои The Marginalian, како сведоштво на тоа дека и мејнстримот во убавите нешта е веќе на маргините на колективната свест која е во постојана потрага по какофонија на звуци, подвижни слики кои се менуваат со едно помрднување на прстот по екраните.

Денешните генерации се далеку поинформирани од поранешните. Но, за нив легендарните културолошки концепти како “Ministry of silly walks” или “First Rule of Fight Club” се познати само од „мемиња“ и се сведени на еден “Youtube bottle flip” момент со што го губат своето значење во еден поширок контекст. Со самото тоа таквите концепти кои ги поместувале границите на разбирањето на она што значи да се биде креативно човечко суштество се претворени во мото, слоган – ништо повеќе од едно „Just Do It“ брендирани во свеста на идните генерации.

> **И посакуваме среќа на Марија во нејзиното сурфање по маргините... а нашата држава секако си останува на маргините на светот.**

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 23.11.2021

Прочитај го оригиналниот текст

arno.mk/?p=6346

АРНО.МК / 2021

ПРАШАЊАТА ПРОДОЛЖУВААТ И ПО ПОСЛЕДНАТА СТРАНИЦА.

Еден филм може да отвори прашање за слободната волја. Една песна — да врати цел град од минатото. А една депонија — да покаже како функционира општеството.

Оваа книга собира 32 текста од Арно.мк објавени во 2021 година. Музиката, филмот, книгите и научната фантастика тука се повод за лични приказни, сомнежи и расправии со светот. Низ нив се провлекува истата потреба: да се разбере она што нè обликува и да не се премолчи она што може да биде подобро.

За читатели што по последната реченица сакаат да продолжат со сопствените прашања.

32

ТЕКСТА
ПЕТ ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ

arno.mk